# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА КРАТОВО 2020-2024



**ИЗРАБОТИЛЕ**

**Работен тим од ТУРИСТИКА Скопје:** Дејан Методијески, Оливер Филипоски, Чедомир Димовски, Емилија Тодоровиќ, Нако Ташков, Милена Талеска, Кристијан Џамбазовски и Никола Цуцулески.

**Учесници во работилниците од страна на администрацијата на општина Кратово:** Драгица Лазаревска, Иван Пешевски, Елена Досева, Радмила Стојкова-Китанова, Јасминка Крстевска, Младен Мицевски, Илија Митевски, Лимонка Ѓорѓиева, Љубица Соколовска, Љупчо Голубанов, Тодорче Николовски и Елена П. Арсова.

**Учесници во работилниците од страна на туристичкото стопанство во општина Кратово:** Иван Ивановски, Иван Спировски, Иван Пешевски, Филип Бошковски, Иван Иванов, Матеј Ѓорѓиев, Ненад Амповски, Марио Митевски, Стефан Тоневски, Младен Мицевски, Сања Атанасова-Стаменкова, Горјан Бошковски и Кристина Боровац.

**Фотографии:** Ѓеорги Костовски, Драган Таневски, Роберт Арсовски и Младен Мицевски

**Дизајн:** ТУРИСТИКА

**Лектор:** Толе Белчев

# Содржина


ПРЕДГОВОР ..... 5
ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 6
ЗА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ..... 7
МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 8
ЗНАЧЕЊЕ НА ТУРИЗМОТ ЗА ОПШТИНА КРАТОВО ..... 9
ТРЕНДОВИ ВО ТУРИЗМОТ И ПАТУВАЊАТА ..... 14
ВИЗИЈА И МИСИЈА ЗА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА КРАТОВО ..... 15
ЗА ОПШТИНА КРАТОВО ..... 15
- ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ ..... 15
- ВЕБ ПОРТАЛ ..... 18
- БИЗНИС СЕКТОР ..... 19
- ГЕОГРАФИЈА ..... 19
- ДЕМОГРАФИЈА ..... 21
- ОБРАЗОВАНИЕ ..... 21
- ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ ..... 21
- СООБРАЌАЈ ..... 21

ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ НА ОПШТИНА КРАТОВО ..... 22
- ПРИРОДНИ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ ..... 22
  - ПЛАНИНИ ..... 22
  - ХИДРОГРАФИЈА ..... 23
  - ЛОКАЛИТЕТИ ..... 26
- АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ ..... 27
  - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ ..... 27
  - КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ ..... 28
  - РЕЛИГИОЗНИ ОБЈЕКТИ ..... 37
  - НАСТАНИ ..... 39

УСЛУГИ ..... 42
- УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ..... 42
- ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ ..... 42
- ПРЕВОЗНИЦИ ..... 43
- ВИНАРИИ ..... 43
- ФАБРИКИ ..... 43
- БАНКИ И ПОШТИ ..... 43
- ЗДРАВСТВО ..... 44

БЕНЗИНСКИ ПУМПИ ........ 44
ПАЗАРИ ........ 44
СПОРТСКИ КАПАЦИТЕТИ ........ 44
АКТИВНОСТИ И РЕКРЕАЦИЈА ........ 44
ВИДОВИ ТУРИЗАМ СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА КРАТОВО ........ 46
АКЦИОНЕН ПЛАН, СТРАТЕШКА ЦЕЛ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ ........ 48
МОНИТОРИНГ ПРИ ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ........ 59
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 60

# ПРЕДГОВОР



Општина Кратово е сместена во Североисточниот дел на Република Северна Македонија и истата изобилува со природен и културен потенцијал за развој на туризмот. Градот Кратово е еден од најстарите градови во земјата и на Балканскиот Полуостров со богата култура, традиција и пријатни климатски услови.

Општина Кратово континуирано работи на полето на развој на туризмот и промоција на туристичките капацитети кои се наоѓаат на територијата на Општината. Стратешкото планирање им овозможува на сите заинтересирани страни за развој на туризмот правилно насочување и искористување на потецијалите за развој, позиционирање и брендирање на Кратово како препознатлива туристичка дестинација во национални и меѓународни рамки.

Туризмот денес претставува своевиден феномен, појава која е присутна во сите земји во светот и бележи се поголем раст, како на глобално ниво така и во нашата земја. Поради оваа причина, Општина Кратово изработи Стратегија за развој на туризмот за периодот 2020-2024 година. Стратешкиот документ претставува една од мерките на Општината кои се насочени кон подобрување на социо-економската и културна состојба во општината, преку одржлив развој на туризмот кој ќе донесе бенефит за локалното население и бизнис секторот.

Стратегијата за развој на туризмот во Општина Кратово е значаен документ кој ги посочува потенцијалите и можностите за туристички развој на овој простор, преку конкретни цели, мерки, активности и носители на активности во одредена временска рамка. Стратегијата врши анализа на позначајните природни и антропогени туристички вредности, услугите, активностите и видовите на туризам кои може да се развиваат на територијата на Општината. Истовремено, документот има за цел да ги инкорпорира во себе актуелните потреби и современите трендови на туристичкиот пазар во светот, а истите се прикажани преку реално остварливи решенија кои ги земаат предвид потенцијалите и можностите на Општината. Стратешкиот документ е изработен согласно постојната туристичка политика во нашата земја, консултирајќи ги соодветните планови, програми и стратегии на национално, регионално и локално ниво.

Стратегијата за развој на туризмот во Општина Кратово ја поставува нашата мисија и визија за иден развој на туризмот, односно ги опишува заедничките активности кои треба да бидат преземени во понатамошниот период од страна на сите заинтересирани страни во туристичкиот сектор. Општина Кратово преку изработката на оваа Стратегија, искрено се надева, дека периодот кој следува на полето на туризмот ќе биде обележан со константни успеси во кој сите чинители ќе земат активно учество.

Градоначалник на Општина Кратово,
Д-р Љупчо Бојаџиев

# ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија е сместена во централниот дел на Балканскиот полуострови се граничи со следниве земји: Србија и Косово на север, Бугарија на исток, Грција на југ и Албанија на запад. Главен град на државата е Скопје со население од над половина милион жители. Други поголеми градови во земјава се: Битола, Куманово, Прилеп, Тетово, Велес, Штип, Охрид, Гостивар, Струмица, Кичево, Кавадарци и Кочани. Секој од овие градови нуди специфично гостопримство за себе и богат избор на атракции кои привлекуваат посетители. Северна Македонија зафаќа територија од 25 713km², на која живеат над два милиона жители.

Земјата, векови наназад била врска помеѓу источните и западните светови, како од географски, така и од политички и културен аспект. Иако релативно мала по територија, земјата изобилува со прекрасна природа и со културно-историско наследство кои се едни од основните фактори за развојот на туризмот.

Република Северна Македонија е мултиетничко и мултикултурно општество и во неа се практикуваат разни религии. Во поглед на релјефните карактеристики, во земјата преовладуваат планини и котлини; исто така среќаваме голем број реки, езера, пештери, клисури, кањони и др. Дури 80% од целокупната територија на земјата се планини, додека останатите 20% се зарамнето ниско земјиште. Иако е континентална земја, Северна Македонија има голем број реки, шеснаесет планини повисоки од 2 000m, и повеќе од 50 езера, од кои најзначајни за развојот на туризмот се Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, каде што се наоѓаат убави и атрактивно уредени плажи. На планините се наоѓаат модерни ски-центри кои се отворени за посетителите како во зимската, така и во летната сезона. Климатските услови се поволни и овозможуваат посета на позначајните локалитети во текот на целата година. Земјата е богата со разновиден растителен и животински свет и располага со три национални паркови. Се среќаваат предели со прекрасна вегетација, со густи шуми, со ендемични растенија и инсекти, со ретки животни, птици, влекачи, разни видови риба и др.



Локалитетот Камени кукли е еден од поважните туристички атракции во Република Северна Македонија.

За влез во Северна Македонија, постојат 14 гранични премини и два аеродрома: во Скопје и во Охрид. Градовите во земјата се поврзани меѓусебно со редовен автобуски превоз преку солидна

патна мрежа, во поголемиот дел од нив постои локален автобуски превоз, такси компании и рент- а-кар. Железничката мрежа е недоволно развиена и побавна, а бродски транспорт има на езерата.
Во Северна Македонија постојат голем број продавници и занаетчиски дуќани во малопродажниот сектор, како и модерни шопинг-центри, затворени и отворени пазари, каде што може да се купат најразлични стоки и производи. Урбаните и руралните средини во земјата имаат богата понуда на различни културни настани и манифестации, музеи, галерии и културно-историски споменици што можат да бидат посетени. За збогатување на престојот на посетителите, на нивно располагање стојат над 400 регистрирани туристички агенции, голем број лиценцирани туристички водичи на повеќе јазици и туристички информативни центри во неколку градови.
На развојот на туризмот, како една особено важна дејност во Република Северна Македонија, се посветува особено внимание преку креирање на политики и мерки за најдобро искористување на сите потенцијали на туризмот и за негова успешна промоција.

## ЗА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Североисточниот регион ги опфаќа општините на крајниот североисточен дел на Северна Македонија, вдолж границата со Република Србија и Косово, односно сливното подрачје на реката Пчиња и Крива Река. Во овој регион влегуваат 6 општини: Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово и Крива Паланка со 192 населени места, од кои 189 се рурални и 3 урбани населби: Куманово, Крива Паланка и Кратово. Вкупната површина на регионот изнесува 2310km$^2$, со околу 174276 жители. Густината на населението изнесува 75,4 жители на km$^2$. Регионот се граничи со Република Србија и Република Бугарија и се карактеризира со добра инфраструктурна национална и меѓународна поврзаност.
Од природните убавини на североисточниот регион се издвојуваат: планините: Осоговски Планини (2252m), Козјак (1326m), Герман (1387m), Билина Планина (1703m) и други., природните денудациони форми: Базалтни плочи „Костоперска карпа“ во Младо Нагоричане, остатоци од мали вулкански купи, вулкански бомби, камени кукли на локалитетите „Куклица“ и Цоцев Камен и др., бањите: Кумановска Бања – с. Проевце и Стрновац - бања во истражување и изградба., реките: Пчиња, Крива Река, Кратовска Река и др. и вештачките езера: Липковско и Глажња.



Мегалитски опсерваторија Кокино, во 2005 година од страна на Американската вселенска агенција NASA ја вклучува во картата на најзначајните мегалитски опсерватории во светот.

Меѓу најважните културно – историски споменици во овој регион се: Мегалитски опсерваторија „Кокино“, Цоцев Камен, Големо Градиште с. Коњух, спомен музеј на АСНОМ во Пелинце и други. Во Куманово, како најголема градска населба ги издвојуваме црквата Св. Никола (1851 г.), Св. Тројца, Народниот музеј, Занаетчискиот дом, спомеников на Револуцијата и други споменици. Во околината се наоѓаат: манастирот Св. Богородица кај с. Матејче (XIV), црква Св. Ѓорѓи во с. Старо Нагоричане (XIV), манастир Св. Пресвета Богородица – Карпински кај с. Орах, костурницата Зебрњак и други. Во Крива Паланка се наоѓа манастирскиот комплекс Св. Јоаким Осоговски, а во Кратово црквите Св. Ѓорѓи Кратовски, Св. Никола Чудотворец, Св. Јован Претеча, средновековните кули и мостови, музејот и друго.

Во Регионот се организираат повеќе манифестации, од кои попознати се: „Тумба фест“, „Денови на комедијата“ и „Меѓународен џез фестивал“ во Куманово, „Златни денови“ во Кратово, Фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка, разни ликовни колонии (ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски“) и друго.

# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за развој на туризмот во општина Кратово е значаен документ кој ги посочува потенцијалите и можностите за одржлив туристички развој на овој простор. Стратегијата има повеќе цели како приказ на природните и антропогените туристички вредности, услугите, активностите и видовите на туризам кои може да се развиваат. Методологијата на изработка на стратегијата произлегува од посочените цели. Чекорите кои беа преземени при изработката на стратегијата се следните: иницирање на соработка; одржани состаноци и поставување на цели за изработка на стратегија за туризам на општина Кратово; формирање на тимови, преглед на литература и теренски истражувања; организација на работилници со заинтересираните страни; пишување, дизајн и презентација на стратегијата и усвојување на стратегијата.




При изработката на стратегијата се користени следните истражувачки методи и инструменти: анализа на содржината на европски и светски планови и стратегии за развој на туризмот; анализа на законската регулатива поврзана со туристичката и угостителска дејност; анализа на статистички извештаи поврзани со угостителството и туризмот; квалитативни истражувања (работилници и фокус групи); спроведување на неструктурирани интервјуа; креативно размислување; теренско истражување со фотографирање; кабинетска анализа на релевантна литература, библиографија и интернет извори; картографска анализа; 6А рамка за анализа на

дестинацијата и др. Стратегијата е изработена согласно постојната туристичка политика во нашата земја, консултирајќи ги соодветните планови, програми и стратегии, а како по значајни ќе ги издвоиме: Национална стратегија за развој на туризмот на Република Северна Македонија 2016-2020; Национална стратегија за развој на руралниот туризам 2012-2017; Национална стратегија за развој на здравствен туризам 2012-2018;Подстратегија за развој на спортски туризам, со акционен план 2015 – 2018; Подстратегија за традиции и настани; Подстратегија за развој на „MICE“ (конгресен) туризам;

Програма за развој на Североисточен плански регион, Локален акциски план за животната средина во Кратово и Локална младинска стратегија на град Кратово (2015-2020).

Во чекорите на изработка на стратегијата земени се предвид интересите на заинтересираните страни, како:

- ✓ Локално население кое живее или работи во дестинацијата и обезбедува локални ресурси за посетителите;
- ✓ Бизнис заедница која е заинтересирана е за развој на туристичката дестинација бидејќи обезбедува туристички производи и услуги;
- ✓ Јавен сектор кој е заинтересиран за вработување, поттикнување на регионалниот развој и зголемување на вкупниот приход и има важна улога во развојот на туристичката дестинација;
- ✓ Останати учесници како невладини организации, асоцијации, инвеститори, занаетчии итн.;
- ✓ Посетители и туристи (постоечки и потенцијални) кои ги користат туристичките производи и услуги во дестинацијата.

Дефинициите кои се користат во стратегијата за одредени термини поврзани со туризмот и туристите се следните:

- ✓ **Домашен турист** е лице со постојано место на живеење во Република Северна Македонија кое привремено престојува во друго место надвор од местото на своето постојано живеење и пренокева најмалку една ноќ во угостителски или друг објект за сместување на туристи;
- ✓ **Странски турист** е лице со постојано место на живеење надвор од Република Северна Македонија кое привремено престојува во Република Северна Македонија и пренокува најмалку една ноќ во угостителски или друг објект за сместување на туристи;
- ✓ **Посетител** е лице кои се задржува во дестинацијата која не е негово постојано место на живеење во временски интервал од неколку часа без да оствари ноќевање;
- ✓ **Туристичка дестинација** е географска област во која постојат сите елементи кои се релевантни за еден одмор (пејзаж, флора, фауна, климатски услови, атракции, објекти за сместување, објекти за забава) и
- ✓ **Туристичка атракција** е место на интерес кое туристите го посетуваат типично поради неговата културна вредност, историско значење, природна или изградена убавина или можности за забава.

## ЗНАЧЕЊЕ НА ТУРИЗМОТ ЗА ОПШТИНА КРАТОВО

Туризмот денес претставува своевиден феномен, појава која е присутна во сите земји во светот и бележи се поголем раст на глобално ниво. Не постои земја во светот која не развива некаков вид на туризам или држава каде граѓаните не се вклучени во туристичко патување и движење надвор од своето постојано место на живеење. Вклучувањето на туристите во патувања е поради различни причини како бизнис, задоволство, религија, спортски рекреација или други причини. Големата улога која ја има туризмот, како од аспект на културниот просперитет, така и поради економскиот бенефит за дестинациите ќе го поткрепиме со податоците кои ги дава Светската туристичка организација при Обединетите Нации: пристигнувања на туристи во 2018 година на меѓународно ниво ја достигнале бројката од 1451 милиони; туристичката

потрошувачка изнесувала 1451 милијарди американски долари; туристичката индустрија учествувала со околу 10% во глобалниот бруто домашен производ и секој десетти вработен човек во светот, е вработен во овој сектор. Податоците со кои располагаме ни укажуваат на тенденција на постојан пораст на патувањата и туризмот во изминатите 60 години, а предвидувањата се движат во насока на продолжување на оваа тенденција и во иднина. Изразено во проценти, во 2018 година се бележи пораст од 5% на вкупниот број туристи, сметано од 2010 година, со истовремен пораст на приходите од 5%. Од континентите во светот Европа ја има примарната улога со околу 51% учество во туристичкиот промет, како со испраќање така и со прифаќање на туристи.
Република Северна Македонија како дел Европското семејство ја следи оваа тенденција на пораст на меѓународниот туризам, а како потврда на ова ги земаме предвид податоците од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија поврзани со туризмот кои ни укажуваат на следното:

**Графикон 1.** Број на туристи во Република Северна Македонија 2010-2018




Од графиконот 1 може да се констатира дека бројот на туристите во Северна Македонија во изминатите години бележи континуиран пораст, така што во 2010 година бројот на туристи изнесувал 586241, а во 2018 година истиот се искачил на 1126935, што е за 92% повеќе. Што се однесува за домашните туристи, нивниот број во 2010 година изнесувал 324545, а во 2018 година  419590или за 29% повеќе. Во 2010 година нашата земја ја посетиле 261696 странски туристи, а додека пак нивниот број во 2018 година изнесувал 707345 или истиот се зголемил за 170%. Од ова може да се заклучи дека во последните години бројот на странски пристигнувања рапидно се зголемува, додека пак бројот на домашни туристи иако бележи пораст, сеуште е незадоволителен. Во таа насока, носителите на туристичката политика во земјава треба да развијат стратегија за зголемување на бројот на домашни туристи, но и за привлекување на уште поголем број странски посетители.
Во однос на бројот на остварени ноќевања во анализираниот период, може да се каже дека во 2010 година тој изнесувал 2020217, а истиот во 2018 година се искачил на 3176808, што е за 57,3% повеќе. Домашните туристи во 2010 година оствариле вкупно 1461185 ноќевања, а во 2018 година 1685273, што е за 15.3% повеќе. Од друга страна, странските туристи во 2010 год. оствариле вкупно 559032 ноќевања, а во 2018 година тој број изнесувал 1491535, што значи дека се зголемил за 166.8%. Како и кај бројот на посетители, забележливо е зголемувањето на бројот на ноќевања кои го оствариле странските туристи, на сметка на ноќевањата кои ги оствариле домашните туристи. Во таа насока неопходни се сеопфатни анализи за преземање мерки за продолжување на престојот на домашните туристи, но и задржување на трендот на зголемување на бројот на остварени ноќевања на странските посетители во земјава.

**Графикон 2.** Број на ноќевања остварени во Република Северна Македонија 2010-2018




Во Република Северна Македонија, главните дестинации кои привлекуваат туристи се езерата, планински ресорти, бањските центри, винските региони и градот Скопје. Бројот на туристи по региони е прикажан на Графиконот 3. Во анализираниот период бројот на туристи во Вардарскиот регион бележи континуиран пораст, така што во 2010 година тој број бил 10572, а во 2018 година се искачил на 26439, што е за 150% повеќе.

**Графикон 3.** Број на туристи по региони во Република Северна Македонија 2010-2018




Во источниот регион бројот на туристи во 2010 година изнесувал 13054, а во 2018 година 34354 или 163% повеќе. Југозападниот регион во 2010 година го посетиле вкупно 234665 туристи, а истиот број во 2018 година бил 419717, што е за 78,9% повеќе. Југоисточниот регион во 2010 година го посетиле вкупно 84856 туристи, а во 2018 година вкупно 160173, што е за 88,7% повеќе. Пелагонискиот регион во 2010 година имал 69712 посетители, а во 2018 година бројот се искачил на 70798 или само 1,6% повеќе. Полошкиот регион во 2010 година имал 31828 посетители, а во 2018 година 37091 или за 16,5% повеќе. Североисточниот регион во 2010 година го посетиле вкупно 3098 туристи, а во 2018 година, 10820 или за 250% повеќе. Во Скопскиот регион во 2010 година имало вкупно 138456 туристи, а во 2018 година вкупно 367597 или 165,5% повеќе.

**Графикон 4:** Број на туристи во Североисточниот регион во Република Северна Македонија 2010-2018




Во графикон 4 се прикажани статистички податоци за бројот на туристи во Североисточниот регион каде спаѓа општината Кратово во период од 2010 до 2018 година. Од него може да се види дека низ годините постои тренд на негово континуирано зголемување, така што во 2010 година Североисточниот регион го посетиле вкупно 3098 туристи, а осум години подоцна 10820, што е за околу 250% повеќе. Во однос на домашните туристи, нивниот број во 2010 година изнесувал 1093, а во 2018 година, 2312, што е за 1219 или за околу 111% повеќе, а додека кај странските туристи бројот се зголемил од 2005 во 2010 година, на 8508 во 2018 година, што е за околу 325% повеќе. И покрај трендот на континуирано зголемување на бројот на туристи во регионот, евидентна е разликата во бројот на домашни и странски туристи. Во анализираниот период вкупниот број на домашни туристи изнесува17685, а бројот на странски туристи 46192, што е за околу 160% повеќе. Создавањето разновидна и автентична туристичка понуда, постигнување конкурентна цена, соодветна промоција и сл., се само некои од активностите кои носителите на туристичката политика треба да ги применат за задржување на позитивниот тренд и зголемување на бројот на туристите и секако, привлекување на домашните туристи.

**Графикон 5:** Број на ноќевања во Североисточниот регион во Република Северна Македонија 2010-2018




Во Графиконот 5 претставен е бројот на ноќевања кои ги реализирале домашните и странските туристи во Североисточниот регион во периодот од 2010 до 2018 година. Од него може да се види дека во анализираниот период присутен е тренд на континуирано зголемување, така што

во 2010 година во овој регион се остварени вкупно 5628 ноќевања, а осум години подоцна тој број изнесувал 14185, што е за околу 150% повеќе. Од вкупно остварени 99642 ноќевања, домашните туристи оствариле 25408, а странските туристи 74234, односно околу 190% повеќе. Продолжувањето на времето на престој на туристите во секој случај е поврзано со атрактивноста, разновидноста и квалитетот на туристичката понуда во регионот, како и подготвеноста на сите заинтересирани страни да земат активно учество во креирање и реализација на туристичките услуги.

Доколку го земеме предвид спроведеното анкетирање на странските туристи, од страна на Државниот завод за статистика би можеле да го направиме следниот профил на странските туристи:

- ✓ Остваруваат по 2,37 ноќевања;
- ✓ Просечниот трошок за ноќевање изнесува 8923 денари;
- ✓ Целта на престојот се деловните обврски, а на второ место одморот и рекреацијата;
- ✓ Поголемиот дел, индивидуално го организираат своето патување;
- ✓ За земјата најчесто се информираат преку електронски медиуми (ТВ, радио и Интернет);
- ✓ Во земјава најчесто пристигнуваат со автомобил или редовен авионски лет;
- ✓ Од исхраната во објектите за престој најчесто користат само појадок;
- ✓ Претходно престојувале повеќе пати во нашата земја;
- ✓ Престојот во најголемиот дел го остваруваат во друштво на членови од семејството;
- ✓ По професија се занаетчии и сродни работници;
- ✓ Плаќањето го вршат во готово или преку картичка;
- ✓ Комфорот на сместувањето го оценуваат како многу добар;
- ✓ Ресторантите и услужниот персонал го оценуваат како многу добар;
- ✓ Можноста за организирање конференции исто така многу добра.

Топ рангирани места на „Trip Advisor“ кои се лоцирани во Североисточниот регион се: монументалниот споменик на ридот Зебрњак и црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане, опсерваторијата Кокино, камените кули Куклица, манастирскиот комплекс Св. Јоаким Осоговски и др.



Бројот на меѓународни туристи во 2018 год. изнесувал 1451 милиони; остварена туристичка потрошувачка 1451 милијарди американски долари; туризмот учествува со околу 10% во глобалниот бруто домашен производ и секој 10-ти вработен во светот, е вработен во овој сектор.

# ТРЕНДОВИ ВО ТУРИЗМОТ И ПАТУВАЊАТА

Стратегијата за туризам на општина Кратово има за цел да ги инкорпорира во себе актуелните потреби и современите трендови на туристичкиот пазар во светот, а истите се прикажани преку реално остварливи решенија кои ги земаат предвид потенцијалите и можностите на општината. Глобалните трендовите кои се предвидува дека ќе имаат големо значење во идниот развој на туризмот се следните:

Сите аспекти поврзани со здравјето (фитнес, спа, физички активности и др.) во блиската иднина ќе добијат дополнително значење. Иако зголемената свест за здравјето нема да влијае на обемот на побарувачка, тоа секако ќе влијае на донесувањето на одлуки во врска со дестинациите и однесувањето и активностите за време на одморите. Во овој сегмент карактеристичен е пораст на конкуренцијата, со вложувања на приватен капитал во надградување на старите здравствено бањски објекти и рекреативни спа центри.

Современото општество го зголемува притисокот врз секојдневниот живот на луѓето, и ја поттикнува желбата за повеќе слободно време за одмор и релаксација - што ќе има негативен ефект врз зголемувањето на слободните приходи. За туризмот, овој тренд по дефиниција е неповолен.

Пософистицираните потрошувачи се сé повеќе самоуверени во однос на своите потреби и права. За туризмот, ова резултира во се поголем критички став кон квалитетот и соодносот цена-квалитет.

Користењето на интернет за да се купат и да се споредат туристички производи и услуги постојано ќе се зголемува. Како резултат на тоа, потрошувачот ќе преземе се поголема контрола. Ќе се направат нови системи за електронска наплата, безбедни кредитни картички, е-паричник и сл. Овие достигнувања ќе направат трансферот на пари да биде полесен и да се надмине загриженоста во врска со прекумерна наплата на пренос, девизниот курс и безбедноста.

Во иднина луѓето ќе живеат подолго, а со тоа повозрасните старосни групи ќе се зголемат. Овие „здрави“ сениори ќе имаат многу слободно време. Но исто така, младинскиот сегмент (16-35 години), на кој отпаѓа повеќе од 20% од глобалниот туризам е важна целна група за во иднина.

Климатските промени влијаат па дурии се закануваат на одредени туристички дестинации кои се зависни од нивната природна средина. Намалувањето на глечерите во Европа е само еден доказ за глобалното затоплување. Сепак за реалните ефекти од климатските промени сеуште постојат сомнежи.

Глобалната економија и понатаму ќе расте. БРИК економиите, Бразил, Русија, Индија и Кина најверојатно ќе бидат најбрзо растечките нации. Глобалната трговија со потрошувачки стоки и услуги и понатаму ќе расте. Услугите (вклучително и туризмот) ќе добијат на значење во светската економија.

Трошоците за социјални, здравствени, образование, пензии и други услуги во иднина ќе растат што ќе ги принуди владите да ги зголемат даноците. Загриженоста за прашањата во врска со безбедноста, здравството и имиграција ќе доведе до поголема контрола на патувањата од страна на владите.

Терористичките напади врз туристите и туристичките дестинации доведе до поголемо чувство на несигурност. Медиумите дополнително влијаат кон зголемување на стравот од овие закани. Исто така, природните катастрофи, кои се чини дека се појавуваат почесто отколку во минатото, имаат негативно влијание врз туризмот. Сепак, докажано е дека опсегот на внимание на потрошувачите е релативно мал, а тоа е и така затоа што луѓето знаат дека не можат да сторат ништо во врска со тоа.

Во иднина се очекува да има помалку разлики во дестинациите. Се повеќе ќе исчезнуваат уникатни места. Во минатото, патувањето било луксуз, но денес е нормален дел од животот. Се зголемува бројот на одмори во последен момент и кратки патувања. Слободата да се патува ќе се прошири кон трендот на постари родители и пораст на семејства со еден родител. Нови групи

заедници кои имаат заеднички интереси забрзано стануваат главен извор на ориентациско знаење, забава и безбедност. Во странските држави се забележува повисока побарувачка на производи за добра состојба, здравје и фитнес, справување со стрес како и медицински услуги. Потрошувачите бараат совети од други корисници преку интернет.
Квалификуваните потрошувачи е веројатно да знаат повеќе за специфични производи отколку експертите за патувања. Исто така ќе има растечки инвестиции во интернет стратегиите за промоција и во нови техники на истражување. Дополнително јавните приватни партнерства стануваат поважни за туристичкиот маркетинг, бидејќи владите се обидуваат да се зголеми инволвирањето на акционерите и маркетинг буџетите.
Автомобилите се средство за превоз во 70% од сите туристички патувања и ќе останат најважното превозно средство. Ниската достапност до градските центри и евтиниот авио превоз имаат негативно влијание на патувањето со автобуси. Исто така, порастот на авио патувањата би можел да се намали поради трошоците за гориво, безбедност и аеродромски такси. Владите инвестираат повеќе пари во патувањата со железница, посебно со експресните линии.

# ВИЗИЈА И МИСИЈА ЗА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА КРАТОВО

При креирање на управувачките документи, составен дел од стратегиите е и поставување на визија и мисија како основа за понатамошен развој.

**Визијата** на стратегијата за развој на туризмот е „Кратово е општина препознатлива како еколошки чиста средина со изградена инфраструктура и зачувана стара архитектура и култура препознатлива за туристите“.

**Мисијата** на оваа стратегија е следната „Зголемување на економските и социјални бенефити на територијата на општината кои произлегуваат од туризмот“.

# ЗА ОПШТИНА КРАТОВО

## ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ

Името Кратово доаѓа од местоположбата на градот кој лежи на вулканска подлога, односно вулкански кратер. Според преданието, градот го добил името по зборовите „кират-ова“, по името на тврдината на бреговите на Кратовска река, урната од страна на Османлиите. Во времето на Византија, градот се викал „Коритос“ или „Коритон“.
За постоењето на Кратово раскажувал Хомеровиот еп „Илијада“ во VI век пне. Како доказ служат и монетите од времето на Адолион Пајонски, крал кој владеел од 315 до 285 година пне. Во тоа време, градот тргувал со злато, сребро и бакар.
Подрачјето било населено уште во римско време. Градот бил познат како рударски град под името „Кратискара“, кој ѝ припаѓал на римската провинција Дарданија. Во византиско време,

Кратово е познато како „Коритос“ или „Кориton“, што ја објаснува и неговата местоположба, „корито во кое се наоѓа градот“. Како сведоштво за животот и значењето на Кратово во античкиот и средновековниот период како важно рударско средиште, се остатоците од рудниците и големиот број подземни тунели и премини кои ги поврзувале и од кои се ископувала и пренесувала рудата.
Во времето на владеењето на Стефан Немања, во 1189 година, Кратово било присвоено кон Србија. Под српска власт со градот владеел деспот Јован Оливер.
Во втората половина на XIV век, Кратово потпаѓа под Османлиското Царство. Во XVI и во XVII век, во составот на новоосвоените територии на Османлиите, градот станал подрачен центар. Во XVI и XVII век овде се ковале сребрени пари. Градот го посетил и турскиот султан Мурат. Според еден попис од 1570 година, може да се види соодносот на етничкиот состав на населението по домаќинства. Во документот било забележано дека имало 328 христијански семејства, 292 муслимански, 37 еврејски и за првпат се забележани десет ромски семејства. Познатите турски патеписци, Хаџи Калфа и Евлија Челебија во своите белешки Кратово го опишуваат како град во кој се ковале монети и дека во тој период градот имал 800 куќи, 350 дуќани, 20 мали и поголеми џамии, медреса, теќиња, амами, чешми и друго. Монетарниците кои датирале уште од Римскиот период, по доаѓањето на Турците, најдоцна во времето на султанот Бајазит I (1481 - 1512 г.) повторно биле активирани и во наредните два века во нив се изработувале монети со ознака „К“, што значи дека се изработени во Кратово. Од 1689 до 1805 градот бил запустен. По Австроунгарската војна од 1689-1690 година и Карпошовото востание, градот бил опустошен, а рударските окна затворени. Во почетокот на XIX век Злетово станало центар на рударството и во Кратово сосема престанала рударската дејност.



Сокак кај Саат кулата во Кратово.

Во овој век (XVII) ковачницата престанува да работи, а по воениот судир со Австријците, турската власт ослабнува, а тоа се одразило на рударството, населението губи дел од слободите и осиромашува. Тука е многу битно да се напомене дека при оваа тешка економска положба на населението и погодната состојба од присуството на австриските војски, главно и доминантно кратовските рудари се токму тие кои на чело со храбриот рудар Карпош (1655 – 1689 г), а со помош на австриската војска, дигаат востание во 1689 година на кое се приклучуваат рударите од кривопаланечкиот и кумановскиот крај. Но, Карпошовото востание поради изненадното повлекување на австриската војска, е разбиено, а Карпош е фатен од Турците и убиен на Камениот мост во Скопје. По ова востание Турците ги спалиле Кратовските рударски населби, и позначајни христијански куќи, дворци, цркви биле урнати и изградени џамии, населението се пљачкосувало. Населението, меѓу кои и Сасите и Дубровчаните почнале да се отселуваат.
Во XVIII век и понатаму продолжува „теророт“ врз населението и опаѓањето на економскиот и културен живот во градот при што населението продолжува со иселувањето. Во XIX век со кратовските рудници управувал бегот Али од Скопје, а од 1830 година биле назначувани и други турски властодржци. Но, и во овој век состојбата продолжила да биде критична. Со напуштањето на топилницата кај местото „Сребрено тркало“ – кај денешната детска градинка постепено и рударството згаснува.
Исто така, Кратовско се поврзува со градот Транупара, станицата на некогашниот антички и римски пат Стобис (Стоби) – Астибо (Штип) – Пауталија (Ќустендил) – Сердика (Софија) кон реката Дунав. Имено овие податоци можат да се најдат во Tabula Peutingeriana (Табула Појтингеријана – мапа изработена за потребите на Римската држава). Дали античкиот град Транупара се наоѓал на местото на денешно Кратово или се наоѓал во околината на градот (во селото Горно Кратово или с. Коњух) потребни се поопсежни археолошки и други видови на истражувања за да со сигурност се потврди тоа. Со последните истражувања што се вршени на локалитетот Големо Градиште во с. Коњух се тврди дека античкиот град Транупара е токму таму, но сепак, потребата од подетални истражувања за да истото се докаже.



Ајдучка чаршија - Кратово

Целата историја на Кратово се поврзува со рударството, што се докажува со повеќе од 40 рудни окна и складишта за преработена руда – згура. Уште од пред римскиот период Кратово се споменува како богат рударски центар. Во време на Римскиот период Кратово бил рударско средиште во Североисточниот дел, а се експлоатирало олово, цинк, злато, сребро бакар и други руди. Од рудните производи се изработувале и монети. Така, подоцна од Византискиот период пронајдени се монети, меѓу кои и златни на византиските императори Анастасие (491-519г), Јустин I (518 – 527), Јустинијан (527 – 565). Во подоцнежниот период со Кратово управувале повеќе заслужни феудалци коишто управувале со рудниците во Целата Кратовска област. Еден од попознатите е Јован Оливер (1336 – 1355) – очув на цар Душан - како деспот интензивно ги користел кратовските рудни богатства, преку старите но и отворајќи нови рудни окна. Се обезбедувале големи приход. За ова помогнале и познатите германски рудари Саси кои биле доселени тука со цел поголем развој на рударството. Покрај рудните окна имало и Топилница за руда и Леарница (ковачница) за пари. Развиена била и трговијата, а со неа раководеле Дубровчаните. Во периодот на владеењето на деспотот Оливер, Кратово и Кратовската област го доживуваат својот најубав период од економскиот растеж, па до создавањето негово како културно и рударско средиште на овој дел од Македонија.
И во Османлискиот период рударството било во центарот за вниманието. За економското значење на Кратово во XVI век тврди и Пир Мухамед познат по прекарот Зафири кој во својата поема „О Кратово“ им се обраќа на Турците:

> *„Зошто одите да се поклонувате и молите на Господа во Мека, наместо тоа поклонение да го правите во Кратово и таму да се молите, затоа што вие живеете од кратовското злато“*

Благодарение на изобилството сребрени и златни руди во Кратово, во градот покрај топилницата за руда, сѐ уште постоела и ковачницата за пари и истата била прогласена за Царска монетарница во којашто се ковале сребрени и златни монети во XVI и XVII век. Така, на пример, на откриените турски сребрени акчиња од XVI век, напишано на турски јазик и арапско писмо стои:

> *„Со божја помош ковано во Кратово во царувањето на султан Сулејман, син на султан Селим“*

Во време на султан Сулејман II Величествениот (1520 – 1566 г) почнале да се коваат и златни монети – алтани. По Австро-Турската војна и задушувањето на Карпошовото востание почнал терор врз населението и иселување. И во XVIII и XIX век продолжила критичната состојба, а со напуштањето на топилницата кај местото „Сребрено тркало“ – кај денешната детска градинка постепено и рударството згаснува.

## ВЕБ ПОРТАЛ

Општина Кратово раководи со официјална веб страна каде се истакнуваат сите поважни информации поврзани со работењето на општината и кои се од интерес на граѓаните, бизнис заедницата, идните инвеститори, посетители и други заинтересирани страни.
https://www.opstinakratovo.gov.mk/
Други веб страни кои ги промовираат активностите на општината и нејзините атрактивности:
http://www.aberdzija.com/
http://www.opstinakratovo.gov.mk/wp-content/uploads/2015/11/Opstina_Kratovo-Profil.pdf
http://northeasterntourism.eu.mk/index.php/contact-us/2019-02-05-07-44-50

## БИЗНИС СЕКТОР

На територија на општината стопанисуваат активни деловни субјекти во следните дејности:

| Ред. бр. | Сектори на дејност според Националната класификација на дејностите | Број на активни деловни субјекти во 2016 |
|---|---|---|
| 1. | Земјоделство, шумарство и рибарство | 11 |
| 2. | Рударство и вадење на камен | 3 |
| 3. | Преработувачка индустрија | 20 |
| 4. | Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2 |
| 5. | Градежништво | 17 |
| 6. | Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 89 |
| 7. | Транспорт и складирање | 14 |
| 8. | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 21 |
| 9. | Информации и комуникации | 1 |
| 10. | Стручни, научни и технички дејности | 8 |
| 11. | Административни и помошни услужни дејности | 3 |
| 12. | Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 2 |
| 13. | Образование | 3 |
| 14. | Дејности на здравствена и социјална заштита | 15 |
| 15. | Уметност, забава и рекреација | 7 |
| 16. | Други услужни дејности | 15 |
| Вкупно | | 231 |

http://www.stat.gov.mk/Publikacii/SG2017/12-DelovniSubj-BusinessEnt.pdf

## ГЕОГРАФИЈА

Општина Кратово е сместена во Североисточниот дел на Република Северна Македонија помеѓу општините Крива Паланка, Пробиштип, Свети Николе, Куманово и Кочани, на површина од 376 квадратни километри. Низ нејзината територија поминуваат две поголеми реки: Злетовска река и Крива река и Кратовска река. Градот Кратово е еден од најстарите градови во земјата и на Балканот сместен во грлото на еден изгаснат вулкан во Осоговските планини, распространет на бреговите од три мали реки. Градот лежи во стрмна долина всечена во карпест терен, а опкружен непосредно со планини од вулканско-еруптивно потекло на Осоговскиот масив: Лисец (1526м), Буковец (1424м), Плавица (1298м) и потоа Црн Врв (1115м). Центарот на градот (чаршијата) се наоѓа на надморска височина од 615,31м, за да веднаш потоа во горните повисоки краеви на градот таа надморска височина се зголемува и изнесува за Чаир маала - 652,13м, Мусала маала 669,20м, Царина маала – 676,6м и Спомен костурницата – 655м. Покрај градот во повисоките предели на Осоговските планини се наоѓаат дел од селата, а останатите села кои се дел од општината се наоѓаат во пределот на течението на Крива Река и делот под врвот на Плавица.



Планината Плавица во позадина на Кратово.

Општината е дел од Североисточниот плански регион на Република Северна Македонија и се граничи на исток со општина Кочани, на југ со општина Пробиштип, на југозапад со општина Свети Николе, на запад со општина Куманово, на северозапад со општина Старо Нагоричане, на север со општина Ранковце и на североисток со општина Крива Паланка. Општината е сместена помеѓу $42^0 42'1''$ северна географска ширина, и $22^0 22'27''$ источна географска должина, со средна надморска висина од 1000m. Целокупната општина е со мошне разновидна конфигурација на теренот: од најниски полиња и рамнини до високи планини што го условува и целокупното живеење како и стопанската активност на населението. Од вкупната површина 37623ha, земјоделско земјиште е 22.227ha од кое обработливо земјиште е 8986ha, и тоа во ридско-планинското подрачје структурата на земјиштето е:под шуми околу 1065 хектари, под пасишта околу 3034 хектари и под обработлива површина околу 1734 хектари. Структурата на земјиштето во полското подрачје е следната: обработлива површина околу 9066 хектари, а необработлива површина околу 920 хектари.

Климата е умерено континентална и планинска, поради надморската височина на градот. Во стругата на Крива Река се чувствува влијанието на Вардарската долина и Средоземјето. Температурата на воздухот се разликува во летниот период во однос на зимскиот период. Максималната температура во летниот период е 38,5°C, а минималната во зимски период е -16,5°C, просечно температура изнесува 11,3 °C. Врнежите се движат од 550mm до 750mm воден талог на 1m², во зависност од апсолутната височина. Најизразени врнежи има во април, мај, октомври и ноември, а најсушни се месеците - август, септември и февруари. Кратово спаѓа под влијание на југозападни ветрови кои доведуваат до топло и врнежливо време, а североисточните ветрови дуваат од планинските делови и условуваат суво и ладно време.

## ДЕМОГРАФИЈА

Во општина Кратово живеат 10441 жители, со просечна густина од 27.8 жител/km$^2$. Структура на населението според националната припадност во Општина Кратово е следна: Македонци - 10231 лица (97.99%), Турци - 8 лица (0.08%), Роми - 151 лице (1.45%), Срби - 33 лица (0.16%), Останати – 17 лица (0.32%) .
Според половата структура населението во Општина Кратово има 5327мажи 51% и 5114 жени 49%.
Општината Кратово ја сочинуваат градот и 31 населено место: Шлегово, Приковци, Железница, Туралево, Живалево, Филиповци, Сакулица, Вакаф, Шопско Рудари, Татомир, Коњух, Пендаќ, Страцин, Трновац, Крилатица, Талашманци, Куклица, Кетеново, Тополовиќ, Горно Кратово, Нежилово, Каврак, Кнежево, Емирица, Којково, Мушково, Куново, Димонце, Луково и Близанци.

## ОБРАЗОВАНИЕ

На територијата на општина Кратово се наоѓаат следните образовни институции: ООУ „Кочо Рацин“, СОУ „Митко Пенџуклиски“ и ЈОУДГ „Царка Андреевска“ и уште 10 подрачни основни училишта.

## ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ

Општина Кратово е збратимено со следните општини: Гоце Делчев, во Р. Бугарија, Хартфорд, Држава Вермонт, од САД, Општина Јакоруда, во Р. Бугарија, Коломија, во Украина и Џинченг, провинција Шенси - Народна Република Кина.

## СООБРАЌАЈ

Кратово сообраќајно директно се поврзува со Пробиштип, Куманово и Крива Паланка. Поконкретно, регионалниот пат Р1205 води од врската А2 (граница со Бугарија (ГП Деве Баир) – граница со Албанија (ГП Ќафасан) кај с. Страцин преку Кратово, Пробиштип, па сè до крстосницата кај с. Крупиште и се вклучува кон А3 (Крстосница Требениште до граничен премин со Бугарија (ГП Рамна нива)). Со овој пат всушност, кај с. Страцин (18km од Кратово –пресметка направена со Google Maps Directions) и излегувањето на А2 Кратово се поврзува со Крива Паланка (44km од Кратово) и соседна Република Бугарија на десно од крстосницата. Со продолжување на лево од крстосницата одејќи од Кратово се поврзува со Старо Нагоричане; Куманово, а оттука и со граничниот премин Табановце кон Р. Србија; со Скопје и Свети Николе. Растојанието до Куманово изнесува 53km, до Скопје 93km, а до граничниот премин Табановце околу 63km. Оддалеченоста од Пробиштип изнесува 17km, а кај с. Крупиште патот продолжува на едната страна кон Кочани, па натаму сè до граничните премини кон Бугарија кај Делчево и Берово, а од другата страна кон Штип, југоисточна Македонија или автопатот кон Република Грција. Кратово е оддалечено од Меѓународниот Аеродром Скопје околу 75km, а од аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид 261km. Од меѓународниот аеродром во Софија, Р. Бугарија, Кратово е оддалечено 193km.
Долж регионалниот пат Р1205 од Кратово кон крстосницата накај Страцин, а во рамки на општина Кратово постојат неколку клучки од локални патишта (на делови се водат и како регионални) со кои се поврзуваат селата во тој дел од Кратово, и тоа (с. Туралево, с. Кетеново, с. Крилатица и други). Од неодамна (во 2018) асфалтиран е и регионалниот пат село Крилатица – Ранковце со што општина Кратово се поврзува и од друга страна со општина Ранковце, и оттука повторно со магистралниот пат А2, но со помала оддалеченост. Друг локален пат е патот од градот Кратово кон планинските села, т.е. до с. Кнежево кај браната „Злетовица“, а оттука продолжува преку другите села и Злетово повторно до Р1205 во општина Пробиштип.

# ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ НА ОПШТИНА КРАТОВО

Под поимот туристички ресурс се подразбираат вкупните потенцијали со кои располага одреден објект, подрачје или појава како основа за развој на туризмот. Туристичките ресурси со својата атрактивност (привлечност) претставуваат мотив или потреба за туристите. Во класификацијата на туристичките ресурси во светот се користат различни поделби. Најчеста е поделбата на туристичките ресурси според нивната локација и достапност за туристите, според нивното значење, според сопственоста, називот и др. Туристичките ресурси, според нивната генеза, се делат на природни (релјефни, климатски, водни) кои се создадени од природата и антропогени (историски, архитектонски, религиозни, етнографски, спортско-рекреативни) – создадено од страна на човекот. За потребите на оваа стратегија, направена е валоризација на природните и антропогените туристички ресурси во општина Кратово.

## ПРИРОДНИ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ

### ПЛАНИНИ

**Осоговски планини.** Осоговските планини се најголемиот и највисокиот плански масив во источниот дел на Република Северна Македонија, а втори по површина (1100km$^2$) во земјата. Се одликува со долги, заоблени планински била и врвови кои меѓу себе се расчленети со длабоки речни долини, вулкански купи и кратери. Најпознати била се Руенско било, Соколско било, Лопенско било, Калинкаменско било и др. Покрај билата значаен релјефен елемент се речните долини кои се одликуваат со стрмни клисури. Најпознати се долините на реките: Тораничка, Каменичка, Оризарска, Злетовска и др. Доста интересна е и тесната долина на Дурачка со Козја Река, каде се среќаваат крупни камени блокови и неколку водопади. Долината пак на Кратовска Река, главно е всечена помеѓу стари вулкански купи и низ вулкански карпи кои ја отсликуваат геолошката историја на овој простор. Во долината има појави на вулкански бомби (камени топки), камени кукли, поголем број водопади, брзаци и слапови.



Вулкански бомби – с. Горно Кратово.

Осоговските планини се познати по големиот број извори – ги има неколку стотици. Некои се минерални, а кон подножјето има и неколку термални извори. Под Царев Врв и Руен е извориштето на 4 големи притоки на Брегалница: Злетовска, Кочанска, Оризарска и Каменичка Река. Климата на Осоговските Планини е типично планинска, но релативно пријатна без големи екстреми. Поради височината, сончевото зрачење е интензивно и долготрајно, а воздухот чист, богат со кислород и свеж. Биодиверзитетот е извонредно голем, како во однос на растителниот така и за животинскиот свет. Во летниот период, има бујна тревна вегетација, меѓу кои и лековити билки, боровинки и сл., а во пониските делови пространи букови, дабови шуми и разни видови на печурки. Животинскиот свет е исто така разновиден со ситен и крупен дивеч, птици, влечуги и др.
Осоговските планини нудат одлични услови за развој на зимски туризам, рекреативен туризам, ловен туризам, рурален туризам и др.
**Плавица.** Планината Плавица се наоѓа во непосредна близина на Кратово. Се протега во правец исток-запад и претставува краен западен дел на големиот плански масив Осогово. По нејзините срт и било е границата помеѓу Кратовско и Пробиштипско и воедно оди и вододелницата на речните сливови на Крива Река (Пчиња) и Брегалница. Планината Плавица има доста добра сообраќајна поврзаност. Во подножјето на нејзината северна падина минува регионалниот пат Кратово - Пробиштип кој е во многу добра асфалтирана состојба, а од западната страна на преслапот со Лисец и Осогово оди асфалтниот локален пат од Кратово кон селото Близанци и врвот Лисец. Оваа планина е богата со руда и има бројни остатоци од стари рударски јами и окна. Во една од нив, според кажувањето на мештаните имало фреска на која се нацртани Свети Константин и Елена. Приказната е поврзана со подземните тунели кои излегувале од Краличната кула – кулата на цар Константин и царицата Елена: *„Подземните тунели во Кратово кријат огромни мистерии. Една од нив е приказната која се раскажува за тунелите што излегувале од Краличната кула (денес не постои). Имено, оваа кула била на цар Константин и царица Елена. Тие имале ќерка Сара. Кога Турците дошле и ги притиснале, Сара ги фрлила клучевите и низ подземните ходници избегала со торбите злато. И ден денес, кружи приказната и се верува дека златниците на Сара се сè уште во подземните ходници и би можеле да се пронајдат".*

## ХИДРОГРАФИЈА

Територијата на општина Кратово изобилува со извори. Големата надморска височина, како и геолошкото минато и состав на теренот овозможиле богата хидрографска состојба на Кратово. Имено, во повисокиот плански дел на Кратово изворите и водотеците се позастапени за разлика од пониските делови, каде што населението имало и потреба од бунари. Големиот број на мали реки и потоци се една од карактеристиките на Кратовско, но од друга страна теренот низ којшто течат им даваат посебна убавина.
Од реките во Кратовската општина позначајни се: Крива река, Злетовската река, Табачка река, Латишница, Манцева река, Баба Карина река, Сарајска река, Кратовска река, а како помали рекички и долови се издвојуваат: Венечка река, Кучешка река, Станци река, Мушковска река, Облов дол, Татарски Дол, Кошарски дол, Буков Дол, Бошкова река, Шлеговска река, Минов дол, Повишница река, Бела Вода река, Свињи дол, Врлеј река, Џонов дол, Умарски дол, Посран дол, Дебели дол, Рашковац дол, Медов дол, Железнички дол, Мечкин дол, Коријашки дол, Живалевски дол, Гробарски дол и други. Кај овие реки и потоци има голем број на мали и поголеми водопади.
**Крива река** е најдолга, а по површина на сливот најголема притока на реката Пчиња. Извира на Осоговските Планини, северно од Царев Врв (2085m), на надморска височина од 1932m, а во Пчиња се влива кај с. Клечовце, на надморска височина од 294m. На територијата на Кратово Крива Река поминува низ Маркова клисура и Лазинци (во с. Крилатица) и со широка речна долина поминува покрај селата Кетеново, Куклица и тесната Вакуфска клисура. Оттука, кај Маалото Портарци во Вакуф нагло свртува на запад поминувајќи низ широка и видлива рамна

речна долина, сè до селото Коњух, каде што понатаму навлегува во Старо Нагоричане. Вкупната должина на водотекот на Крива Река во Кратовската област изнесува 22km, со нејзин просечен проток од 3,5$m^3$ во секунда. Позначајни притоки во Кратовско на Крива река се Кратовска река, Татомирска река (леви притоки) како и други помали рекички и потоци.

**Злетовската река** се создава во Кратовската област со соединување на Модра Река и Горна река кои извираат во највисокиот планински дел на Кратовско. Теренот низ кој тече оваа река е еколошки чист поради тешката достапност со оглед на високата надморска височина, географската положба  и сл. Должината на реката е 48km, а издашноста 1,98$m^3$ во секунда. На оваа река е изградена хидроакумулацијата „Злетовица“.



Брана „Кнежево“

**Кратовската река** е реката која се создава во централното градско подрачје на Кратово со спојување на повеќе реки и тоа: Табачка река со својата притока Латишница река и Сарајска река, која пак се создава со спојување на Манцева и Баба Карина река. Долината на Кратовска река е тесна и длабока, формирана врз дацитско-андезитски, еруптивни карпи и вулкански туфови, сè до селото Железница. Интересен е нејзиниот кањонско-клисурест водотек особено во делот пред да влезе во градското подрачје на Кратово. Ако изворот на Кратовска река се земат изворите на реките што ја формираат Табачка река нејзината должина до влевањето изнесува 15km. Кратовската река е лева притока на Крива река и истата се влева кај с. Кетеново. Водопадите на Кратовските реки се доста застапени пред сè поради релјефните карактеристики на областа преодредени од вулканизмот. Водопади можат да се забележат на Кратовска река, т.е. на реките што ја формираат, на Злетовската река и други. Покарактеристични водопади се: Бабакарините водопади, малите водопади на Латишничка и Табачка река (од 1 метар до 3 метри), водопадите на Рашковац (повеќе водопади – потешко достапни), Водопадите во Габреш (на Бошкова река, не премногу високи).



Водопад на Кратовска (Табачка) река

**Бабакарините Водопади** се наоѓаат јужно од Кратово, на Бабакарина Река. Вкупно се 5 водопади, од кој „долните“ два се со височина од 11 и 7 m, а останатите меѓу 3 и 6 m, заедно се високи околу 30 m. На дното од секој водопад под ерозивното дејство на водата имаат формирано џиновски лонци. Според постанокот, водопадите имаат ерозивен карактер и се формирале на место, каде што се сменуваат цврстите лавични карпи и помеките туфови. Водопадите се најбогати со вода во текот на пролетниот период, но функционираат во текот на целата година. Сите 5 водопади се наоѓаат во густа шума.

Во Кратовско постојат и поголем број на извори на кисела и друга минерална вода. Така на пример во с. Живалево, с. Тополовиќ (оваа вода се експлоатира и пакувана се продава под брендот „Добра вода“. Фабриката за полнење се наоѓа во с. Вакуф).

**Термоминерален извор Вруќа Вода (Тополовиќ).** Кај с. Тополовиќ, Кратовско, има појава на термоминерален извор наречен Вруќа Вода од кој излегува топла вода со температура од 48°C и издашност од 12 l/sek. Водата потекнува од длабочина од 360 метри, има голема тврдина и значително количество на железо, сулфур и хидрокарбонат. Тоа нуди одлични можности за лекување на ревматски, кожни и други болести, рехабилитација, капење, превентивни третмани и др. Во регионот има можности за откривање и на други термоминерални води со помош на дупчење, при што температурата на водата би зависела од длабочината на зафатот на вода.

Дополнително, на територијата на Кратово се наоѓа и една вештачка акумулација, т.е. вештачко езеро. Станува збор за браната „Кнежево“ во селото Кнежево и хидросистемот Злетовица. Оваа брана е изградена на Злетовската река. Езерото е на голема надморска височина од 1020m, долго околу 3km, широко 150-200m и со најголема длабочина од 70m. Зафаќа површина од 0.8km$^2$. Околината на езерото е главно под шума и е многу живописна. Целта на оваа акумулација е обезбедување на вода за пиење, наводнување и производство на електрична енергија.

**Локалитет Куклици.** На осум километри северозападно од градот Кратово се наоѓа една од најубавите природни реткости во Северна Македонија, Куклица. Уметничко дело на природата старо над 50 илјади години, настанато од ерозија на меките вулкански карпи. Наречени се уште и земјени пирамиди. По завршувањето на вулканските ерупции и по повлекувањето на езерата (Славишко и Кумановско (Средно-Вардарско) Езеро, а токму на подрачјето на денешна Куклица (била врската помеѓу нив), на дното на исушените басени започнала да се всекува Крива Река, која до висината на Куклите се спуштила пред околу 20.000-10.000 години. Тогаш или малку подоцна се создале поголеми наклони, се сменила вегетацијата, а поради влијанието на човекот се зголемила ерозивноста, што условило постепено оголување на теренот и појавување на првите форми. За овој локалитет поврзана е и народна легенда која вели дека еднаш многу одамна некое момче требало да се ожени со една девојка, но наместо со неа тоа се оженило со друга. Кога несреќната девојка ги видела сватовите, кумот, невестата, младоженецот и останатите свадбари, фрлила клетва сите да се скаменат. Во тој момент сите се скамениле и до ден денес стојат скаменети. Од најголемо значење се куклите што се наоѓаат во средината и ги претставуваат младоженецот и невестата во прегратка со кумот и старосватот од страните.
Во геолошкиот резерват Куклица најдени се фосилни остатоци од дендро-флора, скаменети дрва. Ова му дава тежина на резерватот, затоа што го прави овој резерват еден од единствените три резервати во целиот свет (останатите два се во Кемниц и Лезбос – Грција).



Геолошкиот резерват Куклица

**Цоцев Камен** е исто така дел од Кратовско – злетовската палеовулканска област во северозападниот дел на истата. Се наоѓа во атарот на селото Шопско Рударе. Локалитетот претставува видно возвишување во околниот простор и карпите се составени од андезитски туфови со долноплиоцена старост и од горноеоцени седименти. Денешниот облик, карпата го добила во последните неколку илјади години, главно со природни ерозивни процеси, а во одредена мерка и под директно или индиректно влијание на човекот. Во северниот дел на карпата се наоѓа и највисоката надморска височина од 440 м.н.в., а височината од подножјето е најголема на југозапад (389 м.н.в). Цоцев Камен има голем број поплитки и подлабоки вдлабнатини, особено на јужната и на југоисточната страна. Од нив, 2 се поголеми и наликуваат на поткарпи со лачен (сводест) отвор. Нивната должина е околу 8-10m, широчина 3-4m, а височината 4-6m.Поради населеноста и археолошкото значење на овој локалитет од неолитско и доцноантичко време, истиот има и антропогено значење.

**Вулканските бомби или т.н. „лапили“** имаат вулканско потекло, односно истите биле исфрлани преку лавата на активните вулкани кои постоеле во кратовско – злетовската област пред околу 20 - 30 милиони години. Тежината на овие бомби достигнува дури до 200kg.
Всушност, вулканските бомби се камени топки со многу идеализирана топчеста форма кои се наоѓаат претежно во с. Горно Кратово на 4,5km од самиот градски центар. Како поголема оаза на овие микрорелјефни форми можат да се сретнат во една линија која следи од местото наречено Орница (според жителите), во горниот дел сѐ до зградата на мала филтерна станица во долниот дел од таа линија. Наклонот на самиот терен се движи од 15 – 20˚, тие се откриени на површината под дејство на ерозивни процеси.
**Плоче литотелми,** е природен локалитет во близина на с. Страцин. Се наоѓа на 780m надморска височина и е вулканогена зарамнина околу 1km. Поради доста хетерогениот минеролошки состав и влијанието на атмосферските фактори во хоризонталните карпести површини налик на „плочи“ се создадени стотина вдлабнатини (т.н. литотелми) со пречник од десетина сантиметри па до 2 метри и длабочина до 30-40cm. Вдлабнатините во карпата имаат најразлични форми, а за време на дождови се исполнети со вода во која има жив свет. Посебно е карактеристично вилинското ракче кое спаѓа во групата загрозени балкански ендемити. Овој локалитет е заштитен со закон и прогласен за строг природен резерват.

## АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ

### АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ

Во општина Кратово денес се зачувани и пронајдени остатоци од населби од доцноантичко, римско време, примитивни алатки од неолитот и палеолитот и други значителни споменици. Накратко, во продолжение ќе бидат претставени неколку од позначајните археолошки локалитети во Кратовско, а дополнително ќе бидат наброени останати археолошки локалитети.
**Локалитети Градиште-Чукар и локалитет Грамади во с. Горно Кратово.** Локалитетот „Градиште – Чукар“ е доцноантичко наоѓалиште кое се наоѓа во непосредна близина на другиот локалитет „Грамади“ (на 2km меѓусебна оддалеченост) во селото Горно Кратово. На ридот се забележуваат добро сочувани остатоци од бедем широк околу 1.5 метри, кој оградува простор од околу 50 x 50 метри. По површината има фрагменти од керамика. Другиот локалитет се наоѓа на територија од 800x600m. во маалото Гарганци. Се среќава градежен материјал, питоси, покривни ќерамиди, минијатурна статуетка од бронза со претстава на богот Меркур.
**Локалитет „Големо Градиште“ – с. Коњух.** На левиот брег на Крива Река во близина на с. Коњух се наоѓа археолошкиот локалитет „Големо Градиште“. Карпата која го формира брегот на реката и речната тераса, е рачно обработена со што е формиран одбранбен бедем кој на места е зајакнат со малтер и обработен камен. Над терасата, на 70 - 80 метри, се наоѓа позиција на акропола, оградена со силен бедем врзан со малтер и со површина од 320 x 58 метри, или околу 1.5 ха. Акрополата е карактеристична и единствена по тоа што содржи поголеми и помали простории издлабени во карпата, поврзани помеѓу себе со издлабени скали. Можат да се распознаат остатоци од околу стотина простории во кои во доцната антика, за обезбедување, била сместена една воена формација. Вкупната површина на градот изнесува 17 ха. И претходно беше споменато дека овој локалитет се претпоставува дека е античката Транупара, но сѐ уште не постојат цврсти докази за тоа. Се претпоставува дека овој град настрадал во земјотресот од 528 година и дека отпосле е обновен со друго име. Пронајдени се многу испоснички ќелии и крстови што наведува дека овој град бил негувач на христијанската религија. Покрај тоа овој локалитет претставувал важен стопански центар, а воедно бил заштита на рудниците со злато, сребро и олово кои биле стратешки суровини во Рим. Најзначајна градба од овој град била Ротондата – црквата со кружна основа од која се останати урнатини Северно, надвор од градските ѕидини, преку реката, на месноста К̓шла, откриена е делумно истражена т.н. „Северна

некропола“. Најновите континуирани археолошки истражувања ја потврдија хипотезата дека се работи за голем градски центар во овој дел од Северна Македонија.

**Градот Кратово – населба од раноримска и доцноримски период.** Овој локалитет бил пронајден на ридот во Кратово каде што денес се наоѓа СОУ „Митко Пенџуклиски“. Со заштитните истражувања за изградба на спортски базен откриени се делови од јужниот бедем на античката населба и фрагменти од керамички римски садови, питоси и монети од III и IV век, како и една печка за керамика. Бедемот и остатоците од движните наоди потекнуваат од доцноантичката и рановизантиската населба Кратискара.

**Локалитет „Кула“ – Здравчји Камен, с. Шлегово и с. Приковци.** Овој локалитет е доцноантичко наоѓалиште каде на зарамнетото плато на крајот од ридот, над некогашната фабриката „Иднина“ и спроти с. Железница, забележливи се остатоци од бедем со малтерно врзување. Локалитетот претставува стратешки најизразен пункт кој имал широка контрола на патиштата, оној кон денешно Шлегово и стариот пат кој оди високо во ридиштата преку селата Талашманце и Крилатица и се спојува со сегашниот приклучок на источната магистрала кон Пауталија (денешен Ќустендил). Зачувани се само темелите, а во внатрешноста на градиштето има многу фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

Други археолошки локалитети од римскиот период се: Локалитет „Фурна“ – с. Нежилово, Локалитет „Равниште“ – с. Железница, Локалитет „Дупка“ – с. Талашманци.

Други археолошки локалитети од доцноантичкиот период се: Локалитет „Градиште“ – с. Секулица; Локалитет „Градиште“ и „Челопек“ – с. Трновац , Локалитетот „ Долно Градиште“ – с. Филиповци; Локалитет „Градиште“ – с. Шопско Рударе, Локалитет „Куково Градиште“ – с. Кнежево, Локалитет „Градиште“ – с. Емирица, Локалитет „Коленец“ – с. Шлегово, Локалитет „Црквеница“ – с. Туралево, Локалитет „Вражиград“ – с. Страцин

## КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ

Богатото културно – историско наследство во Општина Кратово придонело за денес градот Кратово да го носи епитетот на град-музеј под отворено небо или пак во потесна смисла – градот на кулите и мостовите. Во овој дел ќе биде обработено дел од значајното културно-историско наследство во контекст на архитектура и градби.

**Музеј на град Кратово и Дом на култура „Лазар Софијанов“ – Кратово.** За првпат музејската дејност во Кратово може да се забележи во шеесеттите години на XX век, и тоа во куќата на познатото трговско семејство од Кратово – Бидикови. Долго време во оваа куќа која беше симбол на Кратовската традиционална архитектура постоела музејска поставка којашто пред сѐ имала изложено традиционална покуќнина и традиционален ентериер.

Во 1969 година во просториите на Саат кулата во Кратово по повод јубилејното одбележување, 300 години од Карпошовото востание, отворена е постојана историска поставка со наслов „Карпошово востание 1689 – 1969“, каде на десетина паноа биле презентирани најважните моменти од овој значаен историски настан, прикажан низ текст, фотографии, карти, архивски документи и друг илустративен материјал.

Домот на култура „Лазар Софијанов“ се формира во 1970 година и се сместува во Сарај куќата во центарот на градот којашто е обновена. Истата претставува еден од највпечатливите примери за староградска архитектура/куќа во Кратово и е прогласена за споменик на културата. На горниот кат била поставена и музејска збирка.

Денес Музејот кој се наоѓа на горниот кат од Сарај куќата, има неколку одделенија и тоа: Одделение за етнологија (во која е претставено богатото духовно и материјално културно наследство на Општина Кратово); Одделение за археологија (во кое е претставено дел од богатата, но недоволно истражена кратовска далечна и поблиска историја, со делумен акцент на рударството); Одделение за историја (дел од ова одделение се наоѓаат во трите реставрирани кули на десната страна од брегот на Табачка и Кратовска Река – Саат Кулата, Симиќевата и Златковата кула); Одделение за заштита и конзервација (со лабораторија за конзервација); Одделение за документација и Одделение за општи и заеднички работи.



Сарај куќа - Музеј на град Кратово и Дом на култура „Лазар Софијанов“

**Староградска архитектура и спомен куќи во Општина Кратово.** Меѓу најзабележливите детали кои би ги сретнале во градот Кратово, како и во неговата околина се куќите. Најголемиот број на куќи биле градени во текот на 18 и 19 век. Во стариот дел на градот, односно во околината на центарот се наоѓаат голем број на куќи кои сведочат за прекрасната и неповторлива македонска архитектура. Оваа архитектура претставува спој на практичното и естетското со поврзување на традиционалниот начин на живот на луѓето од овој град. Во глобала кај сите куќи се среќава каменот кој бил фино изделкан со прецизни агли, како и дрвена конструкција. Во Кратово куќите кои биле градени за богатите граѓани во кратовско се нарекува бегова куќа, куќа чардаклија (карактеристични се големите чардаци кои имале многу важна улога во секојдневниот живот) или пак куќа на високо. Сите овие куќи кои биле градени во минатото сведочат за едно дамнешно време. Меѓу најпознатите кратовски куќи со типична староградска архитектура се Бидиковата куќа (во руинирана состојба), Сарај куќа, куќата на Гичев сокак, куќата на Манасови, Шанчева (преуредена за туристички цели и издавање), куќата на Павел Шатев и други. Покрај богатата експресивност на градските куќи, куќите во регионот на Кратово се карактеризираат со голема скромност во изградбата. Но, и покрај својата скромност тие изобилуваат со фолклорни елементи и етнички вредности.

Спомен куќи кои се ставени во туристички цели, за жал нема. Постојат неколку куќи на коишто се истакнати табли со натписи посветени за оние личности што живееле таму, а пред сè револуционери како Тошо Куковски, Јове Гичев, Царка и Иван Андреевски и други. Во овие куќи сè уште живеат луѓе, нивни потомци.

Споменици – културното наследство кое го прави Кратово „Музеј под отворено небо“ се Кратовските кули. Овие градби се најпрепознатливиот симбол на овој град. Во централното градско подрачје на градот Кратово од двете страни на Табачка река се наоѓаат средновековните кули кои датираат од пред османлискиот период. Имено, сите кули во градот биле изградени по наредба на големиот великодостојник Константин Дамјанов кој имал дворец во градот. Целта за градење на овие кули била заштитата на богатството и власта кое го поседувал Константин од Османлиите. Постоеле 13 кули, но денес, за жал, се останати само 6. Сите тие ги добивале имињата според некогашните сопственици. Поради зголемување на атрактивноста во текот на 2013 година дел од нив беа осветлени со што нивната величественост е забележлива и во вечерните часови, а дополнително дел од осветлувањето се обнови во 2019 година. Кулите се поврзани со подземните ходници. Во минатото постоеле и следниве кули: Краличната кула (според кажувањата на арх. м-р Стефан Коцевски денес на неа е изградена градбата која се користеше од страна на Агенцијата за вработување, оваа кула се нарекувала и Шута кула); Досева кула (веднаш до салата за Јеховини сведоци, и денес се гледаат остатоците, односно на истата е изградена куќа, а дел од ѕидовите на куќата се од кулата); Џековата кула (се наоѓала до некогашниот Сарајски мост и Големиот турски амам (денес Хотелот „Кратис“)); Алиманската кула (во близина на Крстевата, Аџи Костовата и Срезката кула); Музевата кула (на ул. „Јосиф Даскалов); Манговата кула; Зафирова кула (во Табачка маала во близина на Јокширскиот мост). Денес постојат следниве кули: Симиќева, Златкова, Саат кулата, Еминбегова (Срезка), Крстева и Хаџи – Костова кула.

**Симиќевата кула –** кулата се наоѓа на десната страна од Кратовска река. Има приземје и 3 ката и всушност, оваа кула е највисоката кула во Кратово со висина (од јужната страна) од 21,80m. Ѕидовите на оваа кула се доста дебели, во приземјето околу 2 метри, а нагоре се стеснуваат до околу 1m. Помеѓу катовите постојат тесни камени скалила кои се осветлени со многу тесни отвори на ѕидовите од кулата. Покривот е од камени плочи и на самиот покрив се издигаат два оџаци. Таваните се полукружно изведени. Внатре во горните простории има две огништа кои служеле за затоплување во зимските денови. Оваа куќа името го носи по сопственикот Стефан Симиќ – кој во 30-тите години на XX век ја купил и реновирал, а ја користел како пратеничка работна канцеларија. Оваа кула како што и претходно е споменато е пренаменета за Музејски изложби.

**Саат кула** – Се наоѓа во средишниот дел на градот во близина на Чаршискиот мост. Од неа има прекрасен поглед кон центарот на градот (од дрвената тераса којашто излегува од највгорниот кат). Има приземје и три ката. Во оваа кула, која што е комплетно реновирана има постојана музејска поставка „Кратово низ вековите“. Оваа кула има два влеза. Дебелината на ѕидовите се движи од 1m до 1,35m. Кулата го има добиено името по тоа што во 1924 година била приспособена за градски часовник со камбана, а истиот поради неодржување во шеесеттите години на XX век престанал да работи. Веќе подолго време се ветува од локалните институции дека повторно ќе го вратат саатот – поправен. Изградена е во 1372 година. Во најдолниот кат се чувала рудата, на вториот, кој за разлика од првиот е осветлен со едно прозорче, имало огниште и полици за чување на предмети од покуќнината. Третиот кат е осветлен со 3 прозорци. Четвртиот бил наменет за престој и живеење на великодостојниците кои ги поседувале кулите. Ѕидовите се убаво украсени, од сите страни има прозорци и се излегува на една тераса. Во кулата се наплаќа влез.

**Златкова кула –** Оваа кула всушност е најстарата кула изградена во Кратово во 1365 година и се наоѓа меѓу Сарајска и Царина маала (веднаш до зградата на Катастар во Кратово). Висока е само 14,15 метри. Дебелината на ѕидовите е од 1 до 1,40 метри. Името го добила по кратовчанецот Ѓорѓи Златаков кој ја купил од Турчинот ефенди Асан (порано Асанова кула). Приземјето и вториот кат се засводени, а првиот има рамен таван. Оваа кула е ревитализирана во соработка помеѓу Министерството за култура, Амбасадата на САД во Македонија и Општина Кратово.




Саат Кула-Кратово

**Срезка кула** – името го добила затоа што во нејзина близина за време на Кралството Југославија бил сместен Срезот (Управата на околијата). Другото име на кулата е Емин-бегова по последната личност која ја користела кулата. Се наоѓа во Сарајската (денешна Скопска улица) маала со приземје и два ката. Висока е 13,65 метри. Оваа кула не е достапна за внатрешна посета.
**Крстева кула** – Во близина на Срезката кула се наоѓа оваа кула која има приземје и 4 ката. Оваа кула всушност има најмногу катови од сите кули во Кратово. Висината изнесува 16,40 метри. Оваа кула е интересна по тоа што има две тераси издадени на западната страна на кулата. Оваа кула името го има добиено по сопственикот Коста Крстев. И оваа кула не е достапна за туристички посети од внатре.
**Аџикостова кула –** Оваа кула е веднаш до Срезката и Крстевата кула, а некогаш граничела со Еминбеговиот сарај. Името го добива од последните корисници – семејството Аџикостовски. Оваа кула е во најлоша состојба од причина што е руинирана и останато е приземјето и дел од разурнатиот кат. Претпоставки се дека оваа кула била разурната уште во времето на Австро-турската војна (1683 – 1690).

## КРАТОВСКИ МОСТОВИ

Во пределот на централното градско подрачје на Кратово се распоредени мостови градени од камен. Заедно со средновековните кули му даваат на градот средновековен амбиент. Скоро сите имаат полукружни отвори низ кои поминува водата, како и по неколку дополнителни полукружни отвори за совладување на надојденото речно корито. Единствен мост кој е изграден на кули е Радиниот мост. Меѓу најпознатите мостови се: Грофчански мост, Чаршиски мост, Јокширски мост, Аргулички, Горноамамски и Радин мост. Други мостови во Кратово се: Сарајски мост (од стариот има само остатоци, новиот постои), Буреков мост, Џонев мост (дрвен), Џавиров мост, мостови кај старата кланица, кај Здравниот дом, спроти бензинската пумпа, Бошков мост, мостот кај Дебели дол, двата понови моста во Табачка маала и други.
**Грофчански мост (Грошчијски)** – граден е во центарот на градот со тоа што ја поврзува Ајдучката чаршија со десниот брег од Табачка река. Се наоѓа пред спојувањето на Сарајска река со Табачка река. Овој мост има два полукружни отвори и е единствениот од таков тип. Низ едниот поминува Табачка река. Овој мост се наоѓа веднаш до Шишперов Ан. Името го има добиено по богатото турско семејство на ефенди Ахмед со прекар Грошчијци. Овој мост е најдолг во централното градско подрачје (26,60 метри) има камена ограда, а подот е од коцки.
**Чаршиски мост –** Се наоѓа во центарот на градот и ја премостува Табачка река. И овој мост има камена ограда, а коцката веќе е прередена. Според написот што го има на камената ограда овој мост е изграден во 1804 година, а височината му е речиси 12 метри.
Легенда: Пред нешто повеќе од 200 години, кога Кратово било под османлиска власт, во градот пристигнал лично царот (султанот) со својата придружба. Претходно поминал низ Штип, Злетово, Лесново и решил да го посети тогаш просперитетното Кратово. Видни луѓе, што муслимани, што христијани, го пречекале, го нагостиле со кратовски мед и вино и очекувале царот да ги праша што сакаат да направи за Кратово, за да остане царски белег дека некогаш лично тој бил во Кратово. Царот прошетал низ чаршијата, се запознал со кратовските казанџии, калајџии, ковачи, клинчари и други занаетчии. Во тие мигови покрај царот минувала средовечна жена водејќи за узда коњ натоварен со качиња сирење и урда. Царот сите ги изненадил и одлучил токму неа да ја праша каков спомен ќе посака да остане од царот за Кратово. Жената одговорила дека сака нов мост по кој ќе поминува со коњот кога ќе доаѓа од село, наместо гредоред каков постоел дотогаш. Царот веднаш отишол да го види тој Чаршиски мост (гредоред) и со страв поминал преку него за да стаса до маалото каде требало да преспие. Токму маалото кај што преспал оттогаш го носи името Царино-маало, а мостот кој наскоро се изградил бил наречен Царски мост.
Царскиот мост официјално е пуштен во употреба во 1804 година, реновиран е во 1933 година, а денес е ставен и на грбот на Општина Кратово.



Мостовите во Кратово се едни од туристичките обележја на градот - Грофчански мост

**Јокширски мост –** Овој мост исто така ја премостува Табачка река во делот на почетокот на Табачка Маала во близина на Саат кулата. Овој мост е исто така камен со височина од околу 12 метри. Овој мост е поплочен (калдрма) и уште го нарекуваат и „Свински мост“. Легендата за овој мост вели дека мостот го градел мајстор по име Коце. Кога бил повикан на местото да го види местото каде што требало да се гради мостот, поминала ќерката на бегот, сопственик на Саат-кулата, и тој ѝ фрлил мерак. Кога почнала изградбата, пак, беговата ќерка доаѓала секој ден и не верувала дека Коце ќе го изгради мостот. Тој ја прашал дали ако го изгради мостот ќе го земе за момче, но таа му одговорила дека нејзините нема да ја дадат за христијанин. Младиот мајстор Коце се заветил дека неговите очи и неговата уста ќе гледаат секогаш кон убавата Турчинка кога ќе се појави на балконот од кулата. И ако го погледнете мостот, тој навистина има „уста и очи“, и тоа се гледа најдобро токму од Саат-кулата

**Аргулички мост** – Се наоѓа во Аргулица маала по што и го има добиено името. Станува збор за најмалиот камен мост чија должина е околу 9,5 метри. Овој мост ја премостува Манцева Река и е подолу од Радиниот Мост по течението. Веднаш после мостот Манцева река се спојува со Баба Карина река и ја формираат Сарајската река.

**Горноамамски мост** – се наоѓа во Табачка маала, а името го има добиено по Горниот (помал) амам којшто сѐ уште постои, но во многу лоша состојба. Овој мост исто така е камен со дебела камена ограда. Според денешниот изглед се претпоставува дека овој мост е градежно обновуван и е висок околу 8,80 метри.

**Радин мост** – Овој мост е најпрочуениот кратовски мост. Тој ја премостува Манцева река и продолжува патот кон планинските села. Овој мост е единствениот мост којшто е граден на кули, т.е. станува збор за три кули врз кој е ставена патната платформа. Оригиналната платформа беше дрвена, но со реконструкцијата истата е заменета со современи цврсти материјали со што многу се наруши автентичноста на мостот. Околниот простор над кој се издига е карпест и често предизвикува вртоглавици поради големата височина. Највисока е третата кула која има висина од 21 метар и има отвор за влез во истата. Овие кули кои имаат улога на столбови се градени на исти начин како средновековните кули. Мостот е граден во 1833 година од страна на Хавзи паша, а името го има добиено според легендата за зaѕиданата Рада. Токму и по оваа легенда овој мост е познат. Истата вели дека 9 браќа го граделе мостот. Дење го ѕидале, ноќе мостот паѓал. Со цел да не паѓа мостот требале да дадат курбан, т.е. да заѕидаат некого во темелите. Договорот бил да која снаа од 9-те браќа наредниот ден донесе прва ручек неа да ја заѕидаат. Сите браќа кажале дома освен најмалиот. Наредниот ден невестата на најмалиот брат – Рада донела ручек. Деверите ја фатиле и ја заѕидале. Единствена последна желба на Рада било да ѝ ја остават десната града за да може да го дои машкото новороденче.

## ДРУГИ КУЛТУРНО-ИСТРИСКИ ЗНАМЕНИТОСТИ

**Подземни ходници.** Меѓу најмистериозните и најзначајни туристички вредности на кратовскиот регион се издвојуваат подземните средновековни ходници. Овие ходници датираат од периодот на Константин Дамјанов, односно од периодот кога се градени кулите низ градот. Всушност, најлогично е ходниците да биле градени паралелно со кулите. Овие ходници се делкани во карпите на кои лежи градот. Намената на овие ходници е подземен пат со кој се поврзани сите кули во градот. Постојат и неколку влеза кои не се поврзани со кулите. Едниот е кај Грофчанскиот мост, веднаш до стариот Шишперов Ан – или познат и како турски затвор (истиот е реновиран пред неколку години). Од овој влез можело да се излезе кај другиот влез кој се наоѓа кај Радин мост, од каде населението во период на опасност можел да пребегне во планинските предели. Овие ходници биле дел од одбранбената стратегија на великодостојникот Константин. Интересно е тоа што низ населението, па и пошироко кружи приказна за скриеното богатство на цар Константин и царица Елена во овие подземни ходници, поради што често се мета на трагачите по злато. Денес дел од овие ходници се достапни за туристите, и тоа во ресторанот „Александрија“ преку чиј магацин се влегува низ ходник кој

завршува со поголема просторија од која што јасно се гледаат зазиданите продолжетоци на ходниците. Другите ходници сѐ уште не се достапни за туристички цели.

**Чешми**. Карактеристично за кратовскиот регион се средновековните чешми кои се среќаваат многу често. Тие го надополнуваат средновековниот амбиент во кој живее Кратово. Во минатото од овие чешми сите граѓани и сите селани се снабдувале со вода за пиење и вода за останати потреби во домаќинството. Овие чешми биле забележани и од страна на голем број патеписци во историјата. Меѓу најзначајните кои пишувале за нив се Елебија Челебија и Ами Буе. Овие чешми ги имало во сите маала и најчесто тие места ги претставувале, условно кажано центрите на маалата.

**Горен амам.** Горниот амам се наоѓа во Табачка маала. Овој амам во минатото бил помалиот амам во градот, а денес е во многу лоша состојба и напуштен и делумно руиниран. Со Одлука бр. 19-5098/1 во 2009 година овој амам е даден на трајно користење на Општинската установа „Музеј на град Кратово“, а со цел отворање галерија на икони од Кратовските цркви. Во пракса сѐ уште нема поставено изложбена поставка.

**Шишперов ан – Турски затвор.** Многу информации за овој ан не можат да се пронајдат. Имено, се вели дека овој објект подоцна ја има функцијата на турски затвор, а истиот се наоѓа веднаш на левиот брег на Табачка река пред нејзиното спојување со Сарајска река. Веднаш над затворот се наоѓа платото на Домот на култура и Музејот на град Кратово. Оваа градба е реновирана и од неодамна осветлена, но сѐ уште ѝ се нема дадено значење и туристички предзнак.



Во Кратово постојат многубројни подземни ходници, фортификациски објекти и објекти од профаната култура на османлиската империја.

**Ајдучка чаршија.** Ајдучката чаршија во Кратово е дел од центарот кој на времето бил главниот трговско-занаетчиски појас. Денес, традиционалната архитектура на дуќаните е зачувана, а улицата е со коцка. Денес во овој дел сѐ уште има дуќани, но за жал во помал број активни, а занаетите се изумрени.

## РЕЛИГИОЗНИ ОБЈЕКТИ

Религиското минато на Кратово е испреплетено и има придонесено за различни видови на религиски објекти коишто се користеле како место за сплотување со Бог.

Карактеристично е што во Кратово постоеле пет џамии и тоа: Чаршиската (Султан Мутратова) џамија, Табачката (Аџи Ќемалова) џамија, Мустафа бегова џамија, Фетие џамијата и Аџи Караѓоз џамијата. Денес, за жал ниедна од овие џамии не постои. Последната е урната во 80те години на XX век, и тоа била прекрасната Чаршиска џамија.

Во минатото во Кратово постоеле околу 20 молибдени христијански храмови кои денес не постојат. Се претпоставува дека биле урнати од страна на Турците. Станува збор за: Маџева црква, Мирчева црква, Латинска (католичка) црква, Мусалина црква, Заимска црква, Оливерова, Злокуќанска црква итн. Значајна за споменување е и синагогата која подоцна е преуредена во куќа.

Денес, во градот постојат три цркви, а во целата општина уште 24 цркви и манастири: Црква „Св. Злата Мегленска“ – с. Нежилово, Манастир „Св. Петка“ – с. Приковци, Црква „Св. Воведение на Пресвета Богородица“ – с. Шлегово, Манастир „Свети Илија“- Шлегово, Црква „Св. Ѓорѓи“ – с. Коњух, Црква „Св. Ѓорѓи“ – с. Приковци, Црква „Св. Јован Крстител“ – с. Коњух, Црква „Св. Константин и Елена“ – с. Вакуф, Црква „Св. Недела“ – с. Туралево, Црква „Св. Јован Крстител“ – с. Туралево, Црква „Св. Петка“ – с. Туралево, Црква „Св. Никола“ – с. Шлегово, Црква „Св. Никола“ – с. Шопско Рударе, Црква „Св. Сава“ – с. Мушково, Манастир „Св. Петка“ с. Каврак, Манастир „Св. Илија“ – с. Шопско Рударе, Црква „Св. Никола летен“ – с. Железница, Црква „Св. Антониј Велики“ – с. Кетеново, Црква „Св. Троица“ – с. Трновац, Црква „Св. Димитрија“ – с. Страцин, Црква „Св. Јован“ – с. Куклица, Манастир „Св. Илија“ – с. Филиповци, Црква „Св. Харалампиј“ – с. Сакулица, Црква „Св. Јован“ – с. Живалево.

**„Св. Јован Крстител“ во Кратово.** Црквата посветена „Св. Јован Крстител“ или уште „Св. Јован Претеча“ е главна и соборна црква во Кратово. Се наоѓа недалеку од Радиниот мост и претставува прекрасна градба која се наоѓа од левата страна на улицата „Јосиф Даскалов“. За црквата постојат податоци дека е спалена за време на Карпошовото востание, а подоцна обновена во 1836 година. Црквата „Св. Јован Претеча“ во Кратово припаѓа на групата авторски дела на градителската тајфа на Андреја Дамјанов. Иконостасот е творештво на автори што произлегле од Самоковската сликарска школа, како што се зографите Димитар Христов (1837) и неговиот син Захарија Доспевски (1868 и 1869). Во науката се знае за уште еден сликар што работел во оваа кратовска црква. Тоа е Димитар Андонов Папрадишки. Овие звучни имиња кажуваат за величественоста на оваа црква. Оваа црква е покриена со камени плочи карактеристични за Кратовско. Особено интересен е тремот пред влезот во црквата. На фреската од Св. Јован Крстител, точно на срцето, ластовички имаат изградено гнездо. Вообичаено ластовичките прават гнезда во агли, но во овој случај станува збор за средината под сводот (благо заоблен дел). Фреските внатре во црквата се покриени со боја, но се прават напори истите да се вратат. Најкарактеристични се три големи икони на иконостасот и тоа: на Света Богородица, Исус Христос со сребрената рака и Св. Јован Претеча. Дополнителна вредност дава и иконата на Св. Ѓеоргиј Кратовски кој е претставен во природна големина. Сребрените раце и ореоли се направени директно од кратовските ковачи и се верува дека имаат исцелителна моќ. Оваа црква моментално е во одлична состојба со извршени конзерваторско-реставраторски активности (единствено е изгубена автентичноста на подот).



Во Кратовско постојат околу 24 цркви со богат фрескоживопис. Највеличествена е соборната Црква „Св. Јован Крстител“

**„Св. Никола Чудотворец“ во Кратово.** Оваа црква се наоѓа во долниот дел на Царина маала. Во текот на времето истата била повеќепати урнувана и градена. Конечно за последен пат била обновена во 1848 година, а осветена во 1854 година. Во некои стари записи стои дека оваа црква, всушност била најстара и соборна црква во Кратово.

Црквата е еднокорабна со една апсида. Изградена е од делкан камен, а покриена со камени плочи. Иконостасот е резбан и содржи икони од XVI век, изработени од непознати мајстори. Во рамки на оваа црква во XIX век функционирала старовремска црковно-градска школа. Истата се состоела од 2 училници и куќа за сиромаси. Зградата денес сѐ уште постои покрај камбанаријата. Оваа школа работела сѐ до 1890 година.

**„Св. Ѓорѓи Кратовски“ во Кратово.** Црквата „Св. Георгиј Кратовски“ е посветена на патронот на градот Кратово – младиот Георгиј – кратовец кој во 1515 година на 18 годишна возраст бил спален жив на клада во Софија поради отпорот даден против исламизирањето. Оваа црква се наоѓа веднаш до старите градски гробишта, на влезот во Кратово од патот кој води од Пробиштип. Истата е најмала и изградена во 1925 година, а градските гробишта биле преместени таму наредната година. Оваа црква од неодамна е започната со фреско живописување од страна на академскиот сликар од Кратово Стојанче Андонов – Дито.

**Црква „Св. Злата Мегленска“ – с. Нежилово.** Оваа црква се наоѓа во близина на с. Нежилово, поточно на врвот Лисец и на надморска височина од 1527 метри надморска височина. Станува збор за мала црквичка од чија околина има прекрасен панорамски поглед. Обновена е во 2000 година.

**Манастир „Св. Петка“ – с. Приковци.** Овој манастир е изграден во 2009 година и е финансиран од поранешниот пратеник Борис Змејковски кој воедно ја имаше купено фабриката „Иднина“. Се наоѓа после последната куќа во с. Приковци, а црквата е фрескоживописана од страна на

академскиот уметник од Кратово – Стојанче Андонов – Дито. Главна селска црква во ова село е црквата „Св. Ѓорѓи“ која се наоѓа сред село до гробиштата.

**Црква „Св. Воведение на Пресвета Богородица“ – с. Шлегово.** Оваа црква е главна селска црква и се наоѓа на сред село. Одбележана е со својата камбанарија, која се забележува од далеку со својата убавина и необична градба која е направена од мазни бели камења. Оваа црква е наменета за повесели настани. Се претпоставува дека дел од иконите се донесени од безимен манастир кој бил разрушен од Турците, а се наоѓал во селото. Оваа црква изненадува со фрескоживописот. Црквата „Св. Никола“ се наоѓа на селските гробишта на излезот од селото и се користи исклучиво за погреби.

**Манастир „Свети Илија“- Шлегово.** Се наоѓа на патот од Шлегово кон Приковци во близина на испосничка ќелија покрај која тече поток, а и извира и вода за која се верува дека е добра за очите. Во ќелијата има и две фрески кои се речиси изгубени. Месноста се нарекува Писан камен (што би значело милостив камен). Црквичката е изградена откако на извесна жена од Шлегово ѝ се сонило дека тука треба да подигне храм во спомен и почит кон Св. Илија. Таа започнала и изградила дел - но работата ја довршиле Кратовчани и жителите на Шлегово, со доброволни прилози и доброволна работа.

**Црква „Св. Ѓорѓи“ – с. Коњух.** Оваа црква потекнува од средновековието и се наоѓа во рамки на археолошкиот локалите „Големо Градиште“ во с. Коњух, каде всушност, се и гробиштата. Потекнува од XIV век и е градена врз темели на постара црква. Таа е еднобродна градба на црква со испакната источна апсида. Должината изнесува околу 7m, а широчината 4,5 метри. Таа била изградена во дел од голем камени блокови, веројатно изваден од урнатините на античкиот град (Транупара). Црквата е прогласена за "споменик на културата" е ставена под законска заштита во 1954 година под името Св. Ѓорѓи (иако претпоставките се дека можни првобитни патрони биле Св. Никола или Свети Архангел).

**Црква „Св. Никола“ – с. Шопско Рударе.** Се претпоставува дека оваа црква е градена во XVI век (постариот дел), додека новиот во текот на XX век. Оваа црква, односно нејзиниот стар дел, е особено позната по својот ѕидан иконостас, кој претставува складна архитектонско-сликарска симбиоза, граден по урнек на старонагоричкиот, како и на олтарната преграда на црквата „Св. Димитриј“ во селото Градешница. Црквата скоро и да е непрепознатлива со својата надворешност, бидејќи е вкопана во земја. Има еднокорабна диспозиција со сводно решение под двоводен кров, карактеристично за сакралното градителство во времето на османлиската власт на Балканот. Ѕидното сликарство, како и фреско-иконите, настанало во две фази. Помеѓу 1567 и 1568 година бил сликан ѕидниот иконостас и апсидалната ниша, а тој период се зема како и период кога е градена самата црква. Во 1581 година иконостасот добил царски двери. Фрескоживописот бил завршен дури кон крајот на XVI век, односно првите години на XVII век од друга зографска група. Новата црква доминира во просторот и е изградена во 40-тите години на XX век. Но, сепак, состојбата на двете цркви е премногу загрижувачка.

## НАСТАНИ

Културните настани и манифестации во Кратово не изостануваат, но оние коишто имаат континуитет не се толку бројни. Настани коишто се случуваат секоја година континуирано се во помал број.

**Мал Божиќен концерт „Химни на Рождеството Христово“.** За првпат оваа манифестација се има одржано во 2013 во Мултимедијалниот центар во Кратово. На оваа манифестација учествуваат црковни хорови, како и училишни хорови кои пеат песни, химни, кондак, тропар и псалми кои го слават Рождеството Христово. Оваа манифестација се одржува континуирано без прекин. Овој настан има и хуманитарен карактер.

**„Водици“ – Голем Богојавленски водосвет.** Секоја година на 19 јануари на Градскиот базен во Кратово се осветуваат водите на Олимпискиот базен. Свештените лица од кратовските цркви ги осветуваат водите и го фрлаат светиот крст. Повеќе од 20 верници скокаат во осветените води,

а голем дел од граѓаните присуствуваат на тој чин. Се делат греана ракија и чај, а кумовите носат пивтии.

**Св. Ѓорѓи Кратовски – Патронен празник на градот.** Патронот на градот се слави секоја година со богата културно-уметничка и црковна програма. Секоја година на 24 февруари постои организација за чествување на „Св. Ѓорѓи Кратовски". Градскиот плоштад е централното место. Најпрво се започнува со литургијата во црквата посветена на „Св. Ѓорѓи Кратовски", а потоа на градскиот плоштад се осветува вода. Ова осветување е надополнето со богата културно-уметничка програма од локални изведувачи, ученици итн. Последните две години се организира повеќедневно чествување со пречек на државни делегации, изложби, повеќечасовни концерти на отворено со естрадни уметници, делење на греана ракија и чај итн. Локалните угостителски објекти честопати отвораат надворешни штандови, мали штандови со различни производи итн. Во периодот пред празникот се одржува и Турнир во мал фудбал „Св. Ѓорѓи Кратовски" (спортска манифестации) во која повеќе футсал екипи од регионот се натпреваруваат во текот на една недела.

**1-ви април – Ден на шегата.** Овој настан се организира од страна на ООУ „Кочо Рацин" – Кратово и детската градинка „Царка Андреевска". Имено учениците и децата се учесници во овој настан со тоа што се маскираат и дефилираат низ центарот на градот.

**25-ти април – Прво ослободување на Кратово и 6-ти Септември – Второ ослободување на Кратово.** Овие два настани се одржуваат секоја година со положување на цвеќе на бистите на паднатите борци од Втората Светска Војна и на спомен обележјето кои се наоѓаат во „Карши бавча". Се читаат реферати и други литературни творби поврзани со овие два настани.

**10-ти јуни – Ден на културата во Република Македонија – Меѓународен фолклорен фестивал „Разиграно Кратово".** Секоја година пред платото на Домот на Култура се реализира овој Меѓународен фолклорен фестивал. На него учествуваат повеќе фолклорни друштва од соседните држави, а како домаќин се јавува и КУД „Ефрем Каранов" од Кратово. Во рамки на овој коктел традиционално се подготвуваат тиганици (мекици) на отворено на саџак (пирустија) на дрва коишто се делат на сите посетители на настанот. Се трошат повеќе од 60 килограми брашно.



Манифестација „Шопска свадба" со која се зачувуваат шопските обичаи во кратовското село Куклица.

**Детска ликовна колонија „Лазар Софијанов“.** Детската ликовна колонија го носи името на најзначајниот ликовен педагог во Кратовско Лазар Софијанов. Ученици од Кратовско, Македонија и соседните држави неколку дена престојуваат во Кратово и ја сликаат традиционалната кратовска архитектура. Се одржува секоја година во средината на јуни.

**Кратовско културно лето.** Во минатото неколку пати се одржуваа настани во текот на летниот период. Пред 10 години името го носеше како Кратовски културен бран на кој имаше музички изведби од познати естрадни уметници и локални изведувачи и ученици.

Меѓу позначајните настани коишто се имаат организирано во текот на летниот период, го поддржуваат концептот на Кратовско културно лето е т.н. фестивал „Златни денови“. Манифестацијата „Златни денови“ е најкарактеристичната манифестација со која градот Кратово се прослави во текот на 2014 година. Во основата на оваа манифестација лежеше Европскиот Тамбурашки Фестивал кој пред 2014 година се одржуваше во поскромни размери, за разлика од „Златни денови“. Подоцна овој фестивал се одвои и осамостои. Локации на одржување на настанот се градскиот плоштад „Павел Шатев“, платото пред Домот на култура „Лазар Софијанов“ и Градскиот базен.

**„Кратовска Компиријада“.** Се изложуваат голем број на специјалитети од компир на градскиот плоштад и притоа секој може да проба од нив и да остави донации. Учесници се повеќе институции, здруженија и граѓани од Кратово и Македонија, а програмата е надополнета со културно-уметнички изведби. Оваа манифестација започна иницијално во ООУ „Кочо Рацин“. Организатор: Општина Кратово под покровителство на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Се реализира во есенскиот период (ноември – почеток на декември)



Во Кратово се одржуваат 14-сетина настани кои ја збогатуваат туристичката понуда на градот. Една од поактуелните во последните години е Кратовска Компиријада која се одржува на крајот на годината.

**Вечерен танц на куклите.** Вечерен танц на куклите е манифестација која се одржува на локалитетот „Камени кукли“ во с. Куклица, Кратово. Овој настан кој ја промовира класичната музика е во организација на Здружението „Етно ризница“ од Куманово и за првпат се одржа на 10 октомври 2018 година. На манифестацијата беа изведени дела од дела од Жорж Бизе, Петар Илич Чајковски, Франц Шуберт и други. Амбиентот и осветлувањето на куклите даваа одличен ефект и атмосфера.

**Шопска Свадба.** Со цел да се зачуваат шопските обичаи во кратовското село Куклица секоја година се организира манифестација позната како „Шопска свадба“. Свадбата се одвива точно на локалитетот „Камени кукли“ познат уште како и „Весела свадба“. Оваа манифестација ги зачувува шопските традиции околу свадбите и е во организација на Здружението „Етно ризница“ од Куманово. За првпат е организирана во 2015 година. Здружението објавува конкурс за младоженци од овој регион. Досега само 2 пара се има венчано реално, додека останатите години тоа го изведуваат членови на културно-уметнички друштва, бидејќи нема пријавени кандидати. Целата програма е надополнета со музика и оро. Посетеноста е генерално од околните општини и Скопје, но има и посетители од странство. Се одржува крајот на месец септември.

**Тодорова сабота.** Тодорова сабота е градска слава која со години се празнува во Кратово. На овој ден сите граѓани чекаат гости од другите места, сѐ е раздвижено, плоштадот е полн со луѓе. Во минатото имаше и музички групи кои ги анимираа луѓето и се виеше оро во чаршијата. Денес е препуштено повеќе на угостителските објекти. Датумот е променлив (февруари – март, зависно од тоа на кој датум во годината се прославува Тодорова сабота).

**Лесновски ѕвона.** Оваа манифестација е посветена на поетот Чедо Јакимовски. Се читаат поетски дела и се наградуваат дебитантски поетски книги. Се одржува во јуни од 2007 година наваму без прекин пред платото на Домот на Култура „Лазар Софијанов“ во Кратово или пак во Музејот на град Кратово.

**Меѓународен Фестивал на Етнолошки Документирани Филмови.** Меѓународниот Фестивал на Етнолошки Документирани Филмови е манифестација која се одржува од 2012 во Кратово. Со желба да се дислоцираат сите културните настани од Скопје и Охрид, претседателот на етнолошкото друштво, проф. д – р Зоранчо Малинов, одлучил оваа манифестација да се одржува во Кратово за да се даде малку поттик и на градовите во внатрешноста на државата. Целта на тоа е да се презентира и нивното културно и туристичко богатство т.е. наследство, за да можат да заживеат и тие мали градови во државата, анимирајќи ја публиката во тие помали места. Заинтересирани за оваа манифестација се наведуваат: етнолози и антрополози кои се занимаваат со визуелна антропологија. Гостите кои се пред сѐ директно вклучени во оваа манифестација најчесто доаѓаат од: Бугарија, Хрватска, Словенија (поради близината). Но, исто така, гости во текот на годините имало и од Србија (една година имало учесник), потоа од подалечното опкружување: Германија, Австрија, Швајцарија, Италија, Франција, Холандија.

# УСЛУГИ

## УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

Угостителските објекти кои нудат услуги за исхрана, пијалаци и забава во општина Кратово располагаат со вкупен капацитет од околу 2000 места, во следните објекти: Ресторан „Александрија“, Гостилница „Кај Спиро“, Гостилница „Петлар Ком“, Гостилница „Кратовска куќа - Кузе“, Ресторан „Лидер 2019“, Гостилница „Златно Пиле“, Ресторан „Куклица етно“, Гостилница „Ќупа“, Гостилница „Мон Кат“, Бистро „Tea by the Square“, Кафе бар „Арт Кафе“, Бар „Трезор“, Кафе бар „Корзо Зорбас“, Бурекџилница „Мост“, Бифе „Карши Бавча“, Сендвичара „Досе“, Пица бар „ Кану “ и Хотел Силекс (Кратис) – подружница Кратис: Градска кафеана „Гурман“, Англиски паб „Корнер“, Ресторан „Панорама“ и Млечен ресторан „Фурна“.

## ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Општина Кратово располага со околу 100 легла во следните сместувачки објекти: Хотел „Кратис“, Етно куќа „Шанчева куќа“, „Куклица етно“, Bridge Apartments, Апартмани Кратово и Вила „Ferrovia“.



Хотел Кратис

## ПРЕВОЗНИЦИ

На територијата на општина Кратово својата дејност ја обавуваат превозниците Филе турс и Роби Турс.

## ВИНАРИИ

Во склоп на фирмата Земсил РИК Силекс постои и погонот, т.е. винскиот подрум - Оцетара, кој се занимава со преработка на винско грозје од сопствено производство. Овој вински подрум постои над 40 години. Во минатото се занимавал со преработка на повеќе вински сорти на грозје од кои: Хамбург, Смедеревка, Вранец, Ркацители, Ризлинг, Кратошија, Афусали и други. Денес врши преработка на винските сорти на грозје: Хамбург, Кратошија и Каберне Совињон. Плантажите на овие сорти на грозје се наоѓаат во с. Трновац и с. Железница. Во склоп на лозјето во с. Железница се наоѓа и вила „Феровиа“.

## ФАБРИКИ

На територијата на општина Кратово постојат два поголеми стопански субјекти: АД РИК „Силекс“ кој во својот состав има: рудници за неметали, фабрика за полиуретански пени, фабрика за патент затворачи, метални дрикери и позаментерија, трговија, занаетчиство и др.
Од областа на текстилната индустрија постојат 4 капацитети кои работат по ЛОН системот за странски купувачи.

## БАНКИ И ПОШТИ

Во општина Кратово има експозитура на Централно кооперативна банка.
Единицата на Македонски пошти ги врши сите работи околу испорака на поштенски пратки и услуги по однос на плаќање на сметки од граѓаните.

## ЗДРАВСТВО

За потребите на жителите на општина Кратово за оние на кои им е потребно лечење и здравствена грижа, здравствената заштита се обезбедува преку ЈЗО здравствен дом со истурени амбуланти во селата: Шлегово, Мушково, Крилатица, Страцин, Сакулица и Шопско Рударе. Здравствениот дом располага со следните оддели: општа медицина со брза помош, педијатрија, интерно, школска медицина, стоматологија, психијатрија, офталмологија, гинекологија, РТГ служба и лабораторија,
Во градот Кратово постојат 8 приватни ординации кои пружаат примарна здравствена заштита од областа на општата медицина, педијатрија, гинекологија и стоматологија. На територија на општина Кратово се наоѓаат аптеките Еурофарм и Здравје и Ахилеа.

## БЕНЗИНСКИ ПУМПИ

На територија на општина Кратово има една бензинска пумпа на Макпетрол.

## ПАЗАРИ

На територијата на општината постојан неколку маркети за малопродажба на стоки и производи: Ѓак Комерц, Зоки и Тони, Инфосел, Кики – ДТ, Осоговка, Пакет маркет (Сет – унион), Роберт-Дац, Стеф – Сим, Страцин промет, Франце, Еко ленд и др. Градскиот базар е раководен од Јавно претпријатие за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“. Пазарот е покриен и е отворен во петок попладне и сабота претпладне. На пазарот можат да се најдат голем број на производи, а карактеристични за споменување се локалните производители. На градскиот пазар се забележуваат околу 17 локални продавачи на млеко и млечни производи, 3 локални продавачи на јајца, над 30 локални произведувачи и продавачи на компири и градинарски култури. Останатите се трговци.

## СПОРТСКИ КАПАЦИТЕТИ

На територијата на општина Кратово функционираат неколку спортски клубови и друштва: фудбалски клуб „Силекс“ кој е оформен 1965 година. Во својата историја Силекс бил трикратен шампион на Македонија, и тоа во сезоните: 1995/96, 1996/97 и 1997/98. Исто така е двократен освојувач на Купот на Македонија, во сезоните 1993/94 и 1996/97. Клубот игра на Градски стадион Кратово, кој има капацитет од 2.500 гледачи, Во Кратово функционира еден футсал клуб КМФ „Кратово“ во кој играат локални играчи. Тие се во Прва македонска футсал лига .
Во градот Кратово има модерен фудбалски стадион, фудбалски стадион „Мусала“ една градска спортска сала, две мали спортски сали во склоп на ООУ „Кочо Рацин“ и СОУ „Митко Пенџуклиски“ неколку асфалтирани спортски терени и градски олимписки базен.
Во општината се одвиваат натпревари во различни спортови: фудбал, футсал, спортски игри за пензионери и др. Меѓу позначајните турнири може да се издвои турнирот по повод празнувањето на патронот на градот „Св. Ѓорѓи Кратовски“ кој што се одржува секоја година во февруари. Исто така постојат големи можности за развој и на други спортски и рекреативни активности, пред се планинарење, зимски активности, пешачки тури, едукативни настани од областа на геологија, културата, гастрономијата и сл.

# АКТИВНОСТИ И РЕКРЕАЦИЈА

Одличните панорамски видиковци, живописните предели на околните планински клисури, бројните извори и густите шумски комплекси создаваат одлични услови за рекреативни

активности во природа. Сето тоа надополнето со чисти и свеж воздух гарантира вистинско уживање. Планинските падини се богати со лековити растенија и тревки. Има околу 110 видови: ајдучка трева, бел слез, босилок, божур цвет, гороцвет, див костен, жалфија, јаглика, камилица, кантарион црвен, кантарион жолт, коприва, лопен, диво нане, маторка, невен, подбел, планински чај, пелин, руса трева, рузмарин, рен, среќнак, мајчина душа, коњски опаш, тимијан, зајачки трн, шип, попадика и други. Исто така шумите се богати со шумските плодови: дивите капини, малини, боровинки, шумски јагоди и друго, голем број печурки: вргањот, лисичарката, смрчак, ливадарка, сончарка, јајчарка, рујница, масловка, волчјо лепче, ѓурѓевка, шампињони, сивозелена гулапка, пувка, жолто еже и ветрогонова габа.
Значајни за споменување се кратовските стари борови и костенот. Како доказ за природните, односно биогеографските елементи кои ја збогатуваат туристичката понуда на кратовскиот регион во центарот на градот векуваат борови кои даваат импресивна глетка. Овие борови поточно се наоѓаат во природниот парк „Карши бавча“. Од вкупно 4 кои некогаш постоеле, денес се останати само два. Двата бора кои и ден денес постојат претставуваат природна реткост во овој регион, додавајќи се фактот дека на ова тло опстојуваат повеќе од 6 векови. Нивната висина е околу дваесетина метри, а обемот е околу 140cm. Покрај овие борови во непосредна близина на градот постои костен кој е стар околу 640 години, но сепак за разлика од боровите туристичкиот потенцијал на ова необично старо дрво е неискористено.


Кратовски стари шест вековни борови, природна знаменитост во природниот парк „Карши бавча“

Ловните и риболовните активности исто така имаат огромен потенцијал за развој во општина Кратово, пред се поради богатството со риба во реките Злетовска река, Крива река, Кратовската река и др. Во речните води е познато дека се среќаваат 11 видови на риби: белвица, тврда мрена, мека мрена, караш, бојник, крап, кркушка, клен, , црвеноперка и попадика. Од дивите животни најмногу се среќаваат: волк, лисица, зајак, срна, дива свиња, јазовец, уна, златица, верверица, мравојад и видра. Злетовската река со своите притоки претставуваат природни мрестилишта на риби. Од птиците се проценува дека во Кратово има повеќе од 40 видови. Најпознати се: црниот орел, гавранот, ветрушката, чавката, сојката, свраката, бувот, дивата речна шатка, еребица - камењарка, еребица – полска, ќокавец, пупуњок, утка, пор, син врабец, жолт врабец, зелен врабец, црн врабец, клукајдрвец, потполошки, црн сколовранец, славеј, џивџан, цуцул, сипка, кукавица, ластовица, гулабот – гривњак, див гулаб, питом гулаб, белогаска врабец, дроздевец врабец, шумска дурулејка, сокол, чавка, чапја, белотрипка, грлица и др.

# ВИДОВИ ТУРИЗАМ СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА КРАТОВО

Во овој дел се опишани различните видови на туризам кои има можност да се развиваат во општина Кратово, каде и од кого истите би се развивале. Тоа се следните:

- ✓ Културно-историски туризам
- ✓ Гастрономски туризам
- ✓ Здравствен туризам
- ✓ Активности во природа и спортски туризам
- ✓ Образовен туризам
- ✓ Ловен и риболовен туризам
- ✓ Гео туризам

**Културно-историски туризам** опфаќа туристички патувања мотивирани од културни интереси кои вклучуваат посета на историски локалитети и споменици, музеи и галерии, фестивали, традиционални занаети, како и од начинот на живот во заедниците. Во овој вид туризам спаѓаат руралниот туризам, еко туризмот, религиозниот туризам и др. На територијата на општината има можност за развој на овој вид туризам поради богатото културното и историско наследство кое претставува доказ за значајното место што општината го имала низ историјата. Исто така општина Кратово има огромен потенцијал за развој на рурален и еко туризам, поради автентичната селска архитектура, чистата и недопрена природа и пријатната клима.

**Гастрономски туризам** опфаќа широк спектар на активности кои се поврзани со храната. Од понуда на специфична и традиционална кујна, до организација на гастрономски натпревари и манифестации поврзани со храната. Вклучувањето на одредени јадења во понудата на угостителските објекти, иницијативи како на пример: недела на одредено јадење и понуда од страна на угостителите во општината во одредени временски интервали по одредени цени, вклучување на туристите во набљудување или подготовка на јадењата и обука и др. Како регион на богата културна историја и традиција, кратовскиот регион изобилува со привлечна и исхрана која дефинитивно секој турист треба да ја испроба пред да си замине. Меѓу најкарактеристичните специјалитети се: кратовската пастрмајка, мезал'к, к'цана сол, катмер, бунгур, боденик, мумурузник, топеница, мантии, арм'к, кисели чорби, зелник и друго. Неразделива компонента од кратовските специјалитети се и пијалаците. Во минатото карактеристичен бил пијалакот наречен „Кракер", но за жал денес такво нешто не постои. Од алкохолните пијалаци најзастапени се домашните ракии и вина кои се секојдневни придружници во кратовската исхрана.

**Здравствен туризам** опфаќа патување поради лекување каде што главен мотив на пациентите отсекогаш била поквалитетна здравствена услуга. Во последната декада покрај потрагата за поквалитетна услуга движечка сила станува и потрагата по поевтина услуга со што патувањето заради лекување станува помасовно. Туристичките организации ја препознаваат можноста за развој на оваа нова гранка во туризмот и започнува развој на компании кои се специјализираат во организирање на услуги како сместување, транспорт, преведување, придружба, туристички разгледувања за пациентите и нивните придружници. При тоа се земаат во предвид специјалните потреби на пациентите за кои понекогаш е потребен специјален вид на транспорт или сместување. Недопрената природа во општината овозможува прошетки, разгледи, престој на чист воздух или пак користење на термалните извори за здравствени цели.

**Активности во природа и спортски туризам** опфаќаат широк дијапазон на дејствија кои посетителите и туристите можат да ги извршуваат. Од една страна станува збор за рекреативните можности во природа како пешачење, разглед, пикници, манифестации и др. Од друга страна вклучува различни видови на спорт и натпреварување. Спортскиот туризам претставува патување од некомерцијални причини за учество или следење на спортски активности надвор од постојаното место на живеење; израз на однесување на луѓето во тек на

нивното слободно време – време за одмор – кое се користи делумно во природна средина и другиот дел во објекти за спорт и рекреација; одмор кој содржи спортски активности или како учесник или како гледач. Богатиот и разновиден релјеф на општината Кратово дава можност за развој на овој вид туризам.

**Образовен туризам** претставува патување поради предавање, учење и подобрувањето на техничката стручност надвор од просториите на образовните институции. Во образовниот туризам, главната цел на турата или слободните активности опфаќа посета на дестинации или атракции за да се изучат нивните карактеристики. Овој вид на туризам опфаќа размена на студенти и практиканти, училишни посети и екскурзии, учење на јазици, едукативни и креативни работилници за деца, едукативно запознавање на ученици и студенти со руралното наследство и слично. Во општината Кратово се нудат можности за едукативни активности поврзани со гастрономија, еко едукација, едукации од областа на геологијата, набљудување птици, собирање лековите билки, ликовни колонии и работилници и сл.

**Ловниот и риболовниот туризам** опфаќаат широк спектар на активности поврзани со ловот и риболовот, како и неопходна опрема и инфраструктура потребна на остварување на овие активности. Богатството со флора и фауна на планините и големиот рибен фонд во реките создаваат одлични услови за развој на ловниот и риболовниот туризам. Но, секако дека треба да се работи и на изградба на патна и туристичка инфраструктура за формирање комплетна туристичка понуда.

**Геолошки туризам** претставува специфична форма на туризам која подразбира истражување на вулканските карпи, фосили, кањони и други геолошки форми. Кратовско-злетовска вулканска област е најголемата згаснатa вулканска област на нашата територија. Се простира меѓу планината Козјак на север, реката Брегалница на југ, Овче Поле на запад и Осоговските Планини на исток. Вулканските ерупции биле копнени и подводни и се одликувале со силна експлозивна фаза со продукција на голема количина на лава и пирокластични материјали. Почетокот на вулканската активност паѓа по горниот еоцен и со прекини продолжува сè до квартерот. Во Кратовско - злетовската вулканска област во овој период е исфрлена вулканска маса (лава и пирокластичен материјал) со волумен од околу 700km$^3$. Всушност и оваа област претставува најголема и релјефно најдобро изразена палеовулканска релјефна област во Република Северна Македонија.



Ноќна панорама на градот Кратово

# АКЦИОНЕН ПЛАН, СТРАТЕШКА ЦЕЛ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ

Акциониот план во стратегијата е направен согласно Основната цел, која произлегува од визијата и мисијата на стратегијата. Акциониот план ги содржи сите поважни сознанија кои произлегоа од истражувањата, како и одржаната работилница и работата со фокус групи. Основната цел на стратегијата за развој на туризмот на општина Кратово е создавање на услови и зголемен развој на туризмот. Оваа цел ќе се реализира преку три основни приоритети кои имаат свои мерки на делување. Мерките се опишани преку следните параметри: активности, носители, временска рамка и индикатори за успех.



**Приоритет 1: Креирање на туристичка понуда и локални туристички производи**

| Мерка | Активности | Носители | Временска рамка | Буџет (€) | Индикатори за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Изработка на мобилна апликација за општина Кратово** | 1. Изработка на мобилна апликација за туристичките потенцијали на општина Кратово | Општина Кратово, Тело за дестинациски менаџмент, Информатички компании | 2020-2022 | 5000 | 1. Изработена мобилна апликација |
| | | | | | 2. Број на корисници на апликацијата |
| | | | | | 3. Број на коментари за апликацијата |
| **1.2. Организирање на настани и манифестации** | 1. Објавување на програма на настани на почетокот на секоја година | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, меѓународни институции, образовни институции, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, Министерство за економија – Сектор за туризам и угостителство | 2021 | 24000 | 1. Објавена програма на настани |
| | 2. Покана на истакнати стручни лица од туристичката област за секоја манифестација засебно (фокус според видот на настанот) | | | | 2. Поканети истакнати стручни лица од туристичката област |
| | 3. Организација на трибини (рурален туризам, еко-туризам, активен туризам итн.) и следење на новите трендови во туризмот | | | | 3. Организација на трибини |
| | | | | | 4. Број на учесници |
| | | | | | 5. Заклучоци од трибините |
| **1.3. Туристички аранжмани за посета на општината** | 1. Изработка на различни видови туристички аранжмани за посета на општината (како одделни понуди и како составен дел од кружни тури) | Бизнис заедница, туристички агенции, јавен сектор, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020-2021 | 3000 | 1. Изработени најразлични туристички аранжмани за посета на општината (еднодневни тури, три дневни тури, викенд во Кратово, авантуристички, адреналински и активни тури итн.) |
| **1.4. Развој на видовите туризам** | 1. Креирање заедничка понуда за различните видови на туризам во општина Кратово | Бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020 | 3000 | 1. Изработена понуда за различни видови на туризам |
| **1.5. Изработка на гастрономска понуда во угостителските објекти** | 1. Збогатување на понудата на гастрономски специјалитети во угостителските објекти | Бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот, високо образовни институции, невладини организации | 2020-2021 | 3000 | 1. Збогатена гастрономска понуда |
| | 2. Изработка на специјално дизајнирани менија | | | | 2. Изработени менија |
| | 3. Промовирање на националната македонска кујна | | | | 3. Промовирана национална кујна и традиционални специјалитети |
| | | | | | 4. Број на клиенти и коментари за храната |

| Приоритет 1: Креирање на туристичка понуда и локални туристички производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Буџет (€)** | **Индикатори за успех** |
| **1.6. Природно-културна уникатност на Општина Кратово како културна-еко-гастро дестинација** | 1. Проектот подразбира разни активности за поттикнување соработка со локалното население и поврзување на поголем број учесници од локалната самоуправа, комуналното претпријатие, месните заедници и бизнис заедницата. | Општина Кратово | 2020-2024 | 20000 | 1. Количина на отстранет отпад од јавните површини |
| | 2. Проектот се состои од информираност и едукација на жителите, натпревар на учесниците и децата, уредување на јавните и приватните површини, како и спроведување на комисиско оценување и доделување годишни награди во разни категории (најубав уреден двор, зелена површина, најубав балкон, најубава фасада, или цела улица или дел од населбата, месна заедница и сл.) | | | | 2. Број на уредени јавни и приватни површини |
| | | | | | 3. Број на учесници во проектот |
| | | | | | 4. Број на учесници во натпреварите |
| | | | | | 5. Број на пријавени проекти во медиумите |
| **1.7. Истражување и мапирање на подземните тунели, нивните окна, реставрација на дел од нив во функција на туристичката понуда** | 1. Истражување на подземни тунели и окна | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, меѓународни институции, образовни институции, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, Министерство за економија – Сектор за туризам и угост. | 2020-2021 | 20000 | 1. Теренско истражување |
| | 2. Ревитализација и реставрација | | | | 2. Број на ревитализирани и реставрирани тунели и окна |
| | 3. Креирање на туристичка понуда за подземните тунели и окна | | | | 3. Број на посетители на овие тунели и окна |
| **1.8. Истражување на ставовите на туристите и посетителите во Кратово** | 1. Спроведување на анкетирање на туристите и посетителите во општина Кратово за да се измери нивното задоволство од престојот и посетата | Општина Кратово, Маркетинг агенции, Високообразовни институции, бизнис заедница | 2020-2021 | 2000 | 1. Број на извршени анкети на домашни и странски туристи и посетители |
| | | | | | 2. Запознавање со ставовите и потребите на туристите |
| | | | | | 3. Идно подобрување во туристичката понуда |
| **1.9. Регулирање на форматот на натписите на дуќаните и рекламите во Ајдучка чаршија и останатиот дел од спомeничката целина** | 1. План и програма за регулирање на форматот на натписите дуќаните и рекламите во Ајдучка чаршија и останатиот дел од спомeничката целина | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, меѓународни институции, | 2020-2022 | 6000 | 1. Изработен план и програма |
| | 2. План за спроведување на регулативата (помош од општината) | | | | 2. Спроведен план |
| | | | | | 3. Број на вклучени дуќани во програмата |

| Приоритет 2: Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Буџет (€)** | **Индикатори за успех** |
| **2.1. Тело за дестинациски менаџмент** | 1. Формирање на тело за дестинациски менаџмент на општина Кратово | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2021 | 5000 | 1. Број на посетители и туристи |
| | 2. Обединета понуда според тематски целини | | | | 2. Број на интегрирани производи и услуги |
| | 3. Изработка на бренд за дестинација - општина Кратово, слоган на дестинацијата | | | | 3. Изработен бренд и слоган за дестинацијата |
| | 4. Изработка на интегриран онлајн систем за управување со дестинацијата | | | | 4. Формирано тело за дестинациски менаџмент |
| | 5. Зголемен квантитет и квалитет на туристичката понуда | | | | 5. Онлајн можност за преглед на понудата на дестинацијата |
| | 6. Формирање на тело за менаџмент со кризи во дестинацијата | | | | 6. Формирано тело за менаџмент со кризи во дестинацијата. |
| **2.2. Иницијатива за здружување на туристички и угостителски ентитети на ниво на општина** | 1. Запознавање на иницијативата на сите релевантни фактори во општина Кратово од област на туризмот и угостителството | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020 | 500 | 1. Информирање на сите релевантни фактори од туризмот и угостителството |
| | 2. Организирање состанок за запознавање со визијата, мисијата и целите на здружувањето | | | | 2. Број на учесници на состанокот |
| | 3. Советодавна помош за формирање и започнување со работа на здружението | | | | 3. Број на учесници во здружението |
| **2.3. Обука на локални туристичко-угостителски работници во Општина Кратово** | 1. Организирање обука и пријавување на кандидатите | Општина Кратово, Факултети за туризам | 2020-2021 | 6000 | 1. Обучени туристички-угостителски работници |
| | 2. Интервју со кандидатите и реализација на обуката | | | | 2. Подигање на квалитетот на туризмот |
| | 3. Доставување извештај и здружување (единствен регистар) на нови локални туристички работници | | | | 3. Зголемување на бројот на туристите |
| | | | | | 4. Отворање нови работни места |
| | | | | | 5. Достапност до информации за туристичките потенцијали на општината |
| | | | | | 6. Број на одржани часови, број на учесници и сертификати |

| Приоритет 2: Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Буџет (€)** | **Индикатори за успех** |
| **2.4. Поттикнување на инвестиционите активности во туризмот** | 1. Користење на средства од ИПА – програмите за меѓугранична соработка<br>2. Користење на средства од ИПАРД – програми<br>3. Користење на погодности содржани во туристичките развојни зони<br>4. Организација на обуки за апликација на повиците | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, образовни институции | 2020-2024 | 4000 | 1. Износ на искористени средства од програмите<br>2. Број на аплицирани и добиени проекти<br>3. Организирани обуки за апликација на повиците |
| **2.5. Зајакнување на капацитетите на општината** | 1. Формирање на форум за туризам на општината кое ќе го мониторира процесот на | Општина Кратово и сите заинтересирани страни во туризмот | 2020 | 500 | 1. Формирано форум за туризам на општината |
| **2.6. Партнерства и соработки со општини од земјата и странство** | 1. Потпишување на меморандуми за соработка со општини од земјата и странство<br>2. Изработка на заеднички проекти за поддршка и промоција на туризмот во<br>3. Зајакнување на одделенијата за меѓународна соработка во општината преку | Општина Кратово | 2020-2024 | 2500 | 1. Број на потпишани меморандуми за соработка<br>2. Број на изработени заеднички проекти за поддршка и промоција<br>3. Обуки и студиски посети |
| **2.7. Организација на календар на настани за цела година на општина Кратово** | 1. Создавање на одбор на организатори кои ќе понудат мин. 4 мах. 8 настани<br>2. Програма на настани | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, образовни институции | 2020-2024 | 500 | 1. Формиран одбор на организатори<br>2. Реализирани настани |
| **2.8. Подобрување и поддршка на програмата за работа на Музеј Кратово** | 1. Збогатување на програмата за работа на музеј Кратово со анимации и програми<br>2. Обука на локални водичи и вработени во музејот за анимација и специјализирани<br>3. Координација на музејот со останатите туристичко-угостителски објекти за врзани<br>4. Ангажирање на дополнителни лица во функција на туризмот | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, локално население | 2020-2024 | 10000 | 1. Број на специјализирани програми<br>2. Број на обучени лица<br>3. Број на ангажирани лица<br>4. Зголемена посета на музејот |
| **2.9. Изработка на ДУП за туристичко рекреативен центар во планинските подрачја** | 1. План за изработка на ДУП за туристичко рекреативен центар во планинските подрачја<br>2. Работен тим за изработка на ДУП за туристичко рекреативен центар во<br>3. Изработка на ДУП за туристичко рекреативен центар во планинските подрачја | Општина Кратово, Меѓународни фондови, НВО | 2021-2022 | 3500 | 1. Изработен план за ДУП<br>2. Формирана работна група<br>3. Изработен ДУП за туристичко рекреативен центар во планинските |
| **2.10. ДУП или измена на постоечки план со кој ќе се предвидат локации за хотел, викенд населби итн.** | 1. Изработка или измени и дополнувања на ДУП за Кратово<br>2. Дополнувања за локации за хотели, викенд населби итн. | Општина Кратово | 2020-2022 | 1000 | 1. Изработен ДУП<br>2. Број на локација за туристичко-угостителска дејност |
| **2.11. Едукација на граѓани за развој на алтернативен туризам преку организирање на обуки и семинари** | 1. План за едукација, обуки и семинари<br>2. Спроведување на едукацијата (во училиштата и на фокус групи)<br>3. Обуки и семинари за алтернативни форми на туризам | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, образовни институции, НВО | 2020-2024 | 9000 | 1. Изготвен годишен план за едукација, обука и семинари<br>2. Број на извршени едукации во училиштата и со фокус групи<br>3. Број на учесници кои ги завршиле обуките и семинарите |

| Приоритет 3: Развој на туристичката инфраструктура и промоција | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Буџет (€)** | **Индикатори за успех** |
| **3.1. Туристички инфо центар и сувенирница** | 1. Програма за работа на инфо центарот | Општина Кратово, Бизнис заедницата | 2020 | 3500 | 1. Број на ново отворени работни места |
| | 2. Ангажирано лице/ца во инфо центарот | | | | 2. Број на склучени договори и продадени сувенири |
| | 3. Координација со сите релевантни фактори од туризмот и угостителството | | | | 3. Број на посетители |
| | 4. Потпишани договори за изработка на ракотворби со локалното население | | | | 4. Отворен инфо центар и сувенирници |
| **3.2. Уредување на градски плоштад, кули и Карши бавча** | 1. Изработка на просторно – планска документација | Општина Кратово | 2020-2021 | 100000 | 1. Изработена просторно – планска документација |
| | 2. Спроведување на јавна набавка | | | | 2. Спроведен процес на јавна набавка |
| | 3. Извршување на работите | | | | 3. Број на поставени клупи, канти за отпадоци, информативни табли и табли со етички кодекс |
| **3.3. Обележување на значајни туристички локалитети** | 1. Мапирање на туристичките атракции и локации со добри визури на подрачјето на Општина Кратово | Општина Кратово | 2020-2021 | 10000 | 1. Поставени информативни табли според значајни туристички локалитети |
| | 2. Спроведување јавен оглас или конкурс за креаторите на информативните табли | | | | 2. Број на поставени информативни табли |
| | 3. Поставување на информативни табли | | | | 3. Број на обележени локалитети |
| | | | | | 4. Број на ангажирани локални занаетчии |
| **3.4. Обновување-адаптација (реставрација и конзервација на културното богатство на општината-Кули (што не се обновени), мостови, значајни манастири, турскиот амам, куќи (староградски))** | 1. Студија за културното богатство на Кратово во функција на туризмот | Општина Кратово, Центар за развој на Североисточен плански регион, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, Бизнис заедница, Инвеститори | 2021-2022 | 150000 | 1. Изработена студија |
| | 2. Физибилити студија за објектите кои се значајни културни споменици | | | | 2. Изработена физибилити студија |
| | 3. Припрема на документација за реставрација и конзервација (дозволи и сл.) | | | | 3. Број на апликации |
| | 4. Аплицирање за реставрација и конзервација во фондови од земјава и странство | | | | 4. Број на реализации |

| Приоритет 3: Развој на туристичката инфраструктура и промоција | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Буџет (€)** | **Индикатори за успех** |
| **3.5. Изградба на локации за паркинг простор на туристички автобуси, поставување на јавни тоалети** | 1. Избор на локации за изградба на паркинг простор на туристички автобуси и нивно поставување | Општина Кратово | 2021-2023 | 25000 | 1. Избрани локации и изградени паркинг простори за туристички автобуси |
| | 2. Избор на локации за поставување на јавни тоалети и нивно поставување | | | | 2. Избрани локации и поставени јавни тоалети |
| | (Се препорачува да бидат во близина едни со други, како и во непосредна близина на туристичкиот инфо центар) | | | | 3. Број на туристи кои го користат паркинг просторот за туристичките автобуси |
| **3.6. Реставрација и ревитализација на стари градби за туристички цели (сместување)** | 1. Мапирање на стари објекти | Општина Кратово, бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020-2023 | 90000 | 1. Мапирани стари објекти |
| | 2. Подготовка на план и документација за нивна ревитализација и ставање во функција на туристичките можности во Кратово | | | | 2. Изработен план и документација за реставрација и ревитализација |
| | 3. Понуда на инвеститори, НВО, меѓународни институции или јавно-приватно партнерство | | | | 3. Зголемен број на посетители |
| **3.7. Уредување и одбележување на пешачки, велосипедски патеки** | 1. Мапирање на пешачки, велосипедски патеки, качувачки места на подрачјето на Општина Кратово | Општина Кратово, НВО | 2020-2024 | 10000 | 1. Мапирани пешачки, велосипедски патеки, качувачки места |
| | 2. Спроведување јавен оглас или конкурс за креаторите на информативните табли | | | | 2. Спроведен јавен оглас или конкурс за креаторите на информативните табли |
| | 3. Поставување на информативни табли | | | | 3. Поставени информативни табли |
| **3.8. Маркетинг план (Туристичка промоција, Интернет промоција, социјални мрежи, туристичка кампања итн.)** | 1. Маркетинг план за туристичка промоција на Општина Кратово | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, Инфо центарот | 2020-2022 | 15000 | 1. Изготвен маркетинг план |
| | 2. Креирање на тим за спроведување на маркетинг активностите | | | | 2. Број на коментари, следење и гледање на социјалните мрежи |
| | 3. Континуирана промоција на општината преку веб, социјалните мрежи и туристички кампањи | | | | 3. Зголемен број на посетители |

| Приоритет 3: Развој на туристичката инфраструктура и промоција | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Буџет (€)** | **Индикатори за успех** |
| **3.9. Изработка на промотивен материјал за општината, сувенири и водичи** | 1. Изработка на промотивен материјал за општината, брошури и видеа | Општина Кратово, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, занаетчии, образовни институции, заинтересирани страни за развој на туризмот, познати личности од општината | 2020-2021 | 10000 | 1. Изработен промотивен материјал |
| | 2. Изработка на сувенири кои се карактеристични за општината | | | | 2. Изработени сувенири |
| | 3. Изработка на туристички водичи низ општината | | | | 3. Продадени сувенири |
| | | | | | 4. Зголемен број на посетители |
| | | | | | 5. Изработен туристички водичи за општината и зголемена промоција |
| **3.10. Промоција на општината на саеми за туризам** | 1. Претставување и промоција на општината преку заедничка понуда на национални и меѓународни саеми за туризам | Општина Кратово, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020-2024 | 5000 | 1. Промоција на општината на национални и меѓународни саеми за туризам |
| | 2. Избор на саеми на кои ќе се претстави општината | | | | 2. Склучени партнерства и остварени средби |
| | | | | | 3. Промовирање на туристичките потенцијали на општината |
| | | | | | 4. Зголемен број на посетители |
| **3.11. Подобрување на пристапноста во туристичко -угостителските објекти** | 1. Подобрување на пристапноста во туристичко-угостителските објекти насочена кон потенцијални туристи вклучувајќи ги и | Општина Кратово, бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020-2023 | 10000 | 1. Подобрена пристапност во туристичко-угостителските |
| | 2. Уредување на материјално-техничката база на објектите | | | | 2. Уредена материјално-техничката база на објектите |
| | 3. Доделување на признанија за „пристапните“ објекти | | | | 3. Доделени признанија за „пристапните” објекти |
| | | | | | 4. Број на туристи |
| **3.12. Санација на Аргулички мост** | 1. План за санација | Општина Кратово, Министерство за Култура, домашни и странски донатори, Фондови | 2020-2024 | 65000 | 1. Изработен план за санација |
| | 2. Подготовка на тендерска документација и избор на најповолен понудувач | | | | 2. Извршена тендерска постапка |
| | 3. Санација на мостот | | | | 3. Саниран Аргулички мост |

| Приоритет 3: Развој на туристичката инфраструктура и промоција | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Буџет (€)** | **Индикатори за успех** |
| **3.13. Замена на постоечка ограда на Радин мост со амбиентална ограда** | 1. Подготовка на тендерска документација<br>2. Избор на најповолен понудувач<br>3. Замена на постоечката ограда | Општина Кратово, Министерство за Култура, домашни и странски донатори, Фондови | 2020-2024 | 35000 | 1. Подготвена тендерска документација и спроведена постапка<br>2. Заменета нова амбиентална ограда |
| **3.14. Санација и адаптација на Еминбегова кула, Хаџи Костова и Крстева кула** | 1. План за санација<br>2. Подготовка на тендерска документација и избор на најповолен понудувач<br>3. Санација на кулите | Општина Кратово, Министерство за Култура, домашни и странски донатори, Фондови | 2020-2024 | 255000 | 1. Изработен план за санација<br>2. Извршена тендерска постапка<br>3. Санирана и адаптирани кулите |
| **3.15. Санација и уредување на 3 куќи во с. Трновец за развој на селски туризам** | 1. План за санација и уредување<br>2. Подготовка на тендерска документација и избор на најповолен понудувач<br>3. Санација и уредување | Општина Кратово, домашни и странски донатори, Фондови | 2020-2024 | 90000 | 1. Изработен план за санација<br>2. Извршена тендерска постапка<br>3. Санирана и уредени три куќи |
| **3.16. Доуредување на локалитетот Камени кукли и соодветно управување** | 1. План за уредување и управување со локалитетот<br>2. Подготовка на тендерска документација и избор на најповолен понудувач за уредување<br>3. Уредување на локалитет Камени кукли | Општина Кратово, домашни и странски донатори, Фондови, НВО | 2021-2022 | 20000 | 1. Изработен план за уредување и управување<br>2. Извршена тендерска постапка<br>3. Доуреден локалитет |
| **3.17. Амбиентално уредување на локалитетот Цоцев Камен** | 1. План за уредување на локалитетот<br>2. Подготовка на тендерска документација и избор на најповолен понудувач<br>3. Уредување на локалитетот Цоцев Камен | Општина Кратово, домашни и странски донатори, Фондови, НВО | 2021-2022 | 20000 | 1. Изработен план за уредување<br>2. Извршена тендерска постапка<br>3. Уреден локалитет |

| Приоритет 3: Развој на туристичката инфраструктура и промоција | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Буџет (€)** | **Индикатори за успех** |
| **3.18. Поплочување на улиците помеѓу културно-историските споменици во градот** | 1. Изготвување на план за поплочување | Општина Кратово, домашни и странски донатори, Фондови, НВО | 2021-2024 | 100000 | 1. Изработен план за поплочување |
| | 2. Подготовка на тендерска документација и избор на најповолен понудувач | | | | 2. Извршена тендерска постапка |
| | 3. Поплочување на улиците помеѓу културно-историските споменици во градот | | | | 3. Поплочени улици помеѓу културно-историските споменици во градот |
| **3.19. Еко-патека во м.в. Карши бавча** | 1. Изготвување на план за еко-патека | Општина Кратово, домашни и странски донатори, Фондови, НВО | 2021-2024 | 15000 | 1. Изработен план за еко-патека |
| | 2. Подготовка на тендерска документација и избор на најповолен понудувач | | | | 2. Извршена тендерска постапка |
| | 3. Изведба на еко-патека | | | | 3. Изградена еко-патека и зголемена посетеност |
| **3.20. Реконструкција на објектот Стара Стаклара и пренаменување во мултифункционален центар, односно ресторан, сместувачки капацитети, уметнички резиденции и слично.** | 1. Изготвување на план за реконструкција | Општина Кратово, домашни и странски донатори, Фондови, НВО | 2021-2023 | 100000 | 1. Изработен план за реконструкција |
| | 2. Подготовка на тендерска документација и избор на најповолен понудувач | | | | 2. Извршена тендерска постапка |
| | 3. Изведба на реконструкција | | | | 3. Извршена реконструкција и зголемена посетеност |



Најстарата кула во градот Златкова кула.

# МОНИТОРИНГ ПРИ ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА

За успешно следење и реализација на стратегијата потребен е модел за мониторинг, евалуација и имплементација на стратегијата на општина Кратово. Моделот е важен, за финална употреба на стратегијата од теоретска во практична гледна точка. На основа на овој модел, идната стратегија може да се дополни во деловите каде што оваа стратегија не е реализирана, да се дадат објаснувања и насоки како би се продолжил туристичкиот развој на општината во континуитет. Во основата на моделот е формирање на Комисија за оцена на стратегијата која го врши мониторингот, евалуацијата и имплементација на стратегијата. Во оваа Комисија треба да влезат членови од сите заинтересирани страни, општина, бизнис заедница, раководители на проекти, донаторски агенции, образовни институции, невладини организации и сл.



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

United Nation World Tourism Organization (2019) International Tourism Highlights, 2019 Edition. Madrid: United Nation World Tourism Organization.

Агенција за промоција и поддршка на туризмот (2012) Национална стратегија за развој на здравствен туризам 2012-2018. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Ахмет, Ш., Димитријевски, М. (2007) Кратовската монетоковачница во османлискиот период. Кратово: Музеј на град Кратово.

Георгиевски, Д. (2012) Традиционалната народна култура во Кратовскиот регион. Скопје: ОУ Музеј на град Кратово.

Георгиевски, Д. (2014) Кратово низ вековите: 800 години постоење. Кратово: ОУ Музеј на град Кратово.

Глобал Проект Консалтинг (2014) Подстратегија за развој на спортски туризам со акционен план 2015 – 2018. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Глобал Проект Консалтинг (2014) Подстратегија за традиции и настани. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Глобал Проект Консалтинг (2016) Регистар на потенцијали за развој на рурален туризам во Североисточниот плански регион. Куманово: Центар за развој на Североисточниот плански регион.

Димитров, Н., Ташков, Н., Методијески, Д. (2015) Водич низ регионите на Македонија. Скопје: АППТРМ.

Доневски, С. (2010) Занаетите во Кратово. Кратово: Општински центар за карпеста уметност.

Државен завод за статистика (2016) Анкета за странски туристи - анкета во објекти за сместување. Скопје: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија.

Државен завод за статистика (2019) Регионите во Република Северна Македонија. Скопје: Државен завод за статистика.

Кол & Партнер (2016) Национална стратегија за развој на туризмот на Република Северна Македонија 2016-2020. Скопје: Министерство за економија.

Коцевски, С. (2005) Кратово: древен град. Скопје: С. Коцевски.

Милевски, И., Маркоски, Б., Димитровска, О. (2012) Физичко-географски атрактивности во Североисточниот дел на Република Македонија. Географски разгледи 46, стр. 79-97.

Митевски, И. (2018) Историјата и културата на Кратово и Кратовско од најстарите времиња до денес. Кратово: И. Митевски.

Митевски, И., Стојановски, Г., Митевска, А. (2005) Туристички водич за Кратово. Кратово: Здружение на граѓани Екократер.

Намичев, П., Намичева, Е. (2015) Кратово: традиционална архитектура од 19-от и почетокот на 20-от век. Скопје: П. Намичев.

Насевски-Шлеговски, С. (2015) Кратовска област: географско-историска монографска публикација. Кратово: С. Насевски-Шлеговски.

Николовски, Б. (2015) Свети новомаченик Ѓорѓи Кратовски: 500 години од смртта. Кратово: ОУ Музеј на град Кратово.

Николовски, З. (2013) Антика во Североисточна Македонија: населби, утврдувања, патни комуникации. Куманово: Национална установа Музеј Куманово.

Петрова, Л. (2018) Развој на музејската дејност во Кратово. Кратово: ОУ Музеј на град Кратово.

Стефанов, С. (1961) Лозарството и винарството во Кратовско. Скопје: Земјоделско-шумарски факултет.

Таргет Комуникации (2012) Национална стратегија за развој на руралниот туризам 2012-2017. Скопје: Министерство за економија.

Таргет Комуникации (2014) Подстратегија за развој на „MICE“ (конгресен) туризам. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Ташков, Н., Димитров, Н., Методијески, Д. (2016) Водич за препознатливите производи, локалитети, објекти и настани во Македонија. Скопје: АППТРМ.

Тодоровски, З., Нинчовска, М. (2009) Кратово низ вековите. Кратово: Музеј на град Кратово.

Трајковски, П. (2005) Куманово, Кратово и Крива Паланка во странските патописи и документи. Куманово: Графотекс.

Центар за развој на Североисточниот плански регион (2010) Акционен план за развој на туризмот во СИПР 2011-2016. Куманово: Центар за развој на Североисточниот плански регион.

Центар за развој на Североисточниот плански регион (2010) Стратешки план за развој на туризмот во СИПР 2011-2016. Куманово: Центар за развој на Североисточниот плански регион.

Центар за развој на Североисточниот плански регион (2010) Студија за оптимално користење на природното богатство на СИПР во туристички цели. Куманово: Центар за развој на Североисточниот плански регион.

Центар за развој на Североисточниот плански регион (2010) Студија за оптимално користење на културно-историското наследство на СИПР во туристички цели. Куманово: Центар за развој на Североисточниот плански регион.


КРАТОВО
1213
ТУРИСТИКА